**Универзитет “Св. Кирил и Методиј” - Скопје**
**Филозофски Факултет - Скопје**

*Магистерски труд*

# МОНЕТИТЕ НА МАКЕДОНСКИТЕ КРАЛЕВИ ОД ЗБИРКАТА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

**Кандидат:**

**Славчо Атанасовски**

**Ментор:**

**Доц. д-р Антонио Јакимовски**

**Скопје 2014**

## СОДРЖИНА

**I. Вовед**.....4

- Историјат на истражувањата.....5
- Околу изборот на темата.....5
- Предмет на истражувањата.....7
- Просторни и временски рамки.....8
- Литература.....9

**II. Краток приказ на основните историски моменти во периодот на 5-2 век пр. н.е.**.....11

- Основен поим за административно-територијалната организација на Република Македонија во раната антика.....19

**III. Монетите на македонските кралеви**.....22

- Александар I.....24
- Пердика II.....28
- Архелај I.....30
- Аероп II.....34
- Аминта II.....35
- Павсаниј.....36
- Аминта III.....38
- Александар II.....41
- Пердика III.....41
- Филип II.....43

- Александар III....53
- Филип III Аридеј....62
- Александар IV....66
- Касандар....67
- Евполем....71
- Филип IV....71
- Александар V....72
- Деметриј I Полиоркет....72
- Пир....79
- Лизимах....81
- Антигон II Гонат....84
- Антигон III Досон....88
- Филип V....89
- Персеј....98

Автономни монети....103
Македонија под римска хегемонија....108
Македонија - римска провинција....110

**IV. Каталог на монетите од збирката на Филозофскиот факултет во Скопје**....112

**V. Заклучни разгледувања**....171

**VI. Користена литература**....180

# I. Вовед

Кога мислиме на монетите на кралевите на античка Македонија, првата импресија Што се појавува е чуството за еден силен светлински факел или зрак кој ги поседува сите карактеристики да го долови времето кога цветала античката цивилизација во срцето на Балканскиот Полуостров.

Античкото кралство Македонија, родено во замаглените периоди на преминот од прото-историјата во историските мугри на античката епоха, од мала држава доживува не виден подем до светска цивилизациска империја раководена од единствениот ум на најславниот светски крал Александар III Македонски.

Славата, величината и владата на секој македонски крал, вклучувајЌи го и Александар, ја Ширеле и рекламирале милиони нивни монети исковани во нивните ковници. Ние денес со полно право можеме да сметаме дека во зоните во кои интензивно ги наоЃаме монетите на македонските кралеви досегало и се Ширело нивното владеење, па така и на територијата на Р. Македонија.

Монетите на Македонските кралеви, како и останатите од Балканскиот полуостров од истиот период, претставуваат најголема болка за нумизматичарите во светски рамки. Немањето доволно информации на самите монети, пиШани извори и сл. само ја продлабочуваат истата. ПовеЌето од луЃето Што се занимаваат со нумизматика сметаат дека основна цел на нумизматиката е читањето и вредноста (продажна) на самите монети, нивната иконграфија, нејзиното користење како помоШна историска научна дисциплина и сл. Само за потсетување, основната цел на нумизматиката е датирањето на парите.

- Историјат на истражувања

Таа цел, поттикна многу центри во Европа и светот, во период од околу 200 години, да се занимаваат со проучување и евентуално датирање на монетите од античкиот период, па оттаму и бројот на каталози околу оваа проблематика воопШто не е занемарлив. Можеби ова е и најпроучуваната тематика во античката нумизматика.

Меѓу првите референтни каталози околу оваа проблематика во Европа се појавил во втората половина на 19-от век од страна на *British Museum* од одделот за монети и медали (Vol. 5 *Macedonia, Etc.*; by Barclay V. Head, 1879).

Потоа следуваат и други како на пр. Hugo Gaebler *Die antiken Munzen von Makedonia und Paionia, Die antiken Munzen Nord-Griechenlands* Vol. III. (Berlin, 1906), Sear, David. *Greek Coins and Their Values*, Volume II, Asia and Africa. (London, 1979), разни монографии, статии и други публикации. Посебно се важни каталозите на збирки од едицијата на *Sylloge Nummorum Graecorum (SNG)* : колекции од В. Британија, САД, Данска, ш ведска и др.

Интересно е да се спомне каталогот на Н. МуШмов, *Аншичнише монеши на Балкански□ йолуосшров и монешише на б□лгарскише царе,* публикуван во Софија во 1912 г., со опис на мноШтво типови на македонски монети но, без некој посебен методолоШки пристап. Иако по професија бил правник Н. МуШмов, родум од Струга, би требало да се смета како пионер на македонската нумизматика.

- Околу изборот на темата

Во текот на 20 век биле изврШени голем број нумизматички откритија на монети и депоа од различни временски периоди на територијата на Р. Македонија, меѓу нив во голема мерка доминираат монетите на кралевите на

кралството Македонија. Истражувачите напиШале голем број единечни статии за овој или оној наод, или пак локалитет од тоа време но, стои фактот дека с□ уШте ниту еден научен работник не се обидел овој огромен материјал кој во најголем дел е веЌе публикуван, се разбира во обемот на парцијални статии, да го собере на едно место, изработи единствен каталог и изврШи елементарно картирање како би можеле да се извлечат продолжителни анализи и соодветни научни заклучоци.

Во рамките на неколку, пред с□ музејски институции се собрани мали колекции-збирки на монетите на кралевите на античка Македонија. МеЃу нив се истакнуваат збирките на Музеј на Македонија, Завод музеј Прилеп, Завод музеј Битола и други. Во последната деценија се создадени и збирките на Народна банка на Р. Македонија, Охридска банка. За жал мора да се забележи дека на најголемиот број на овие монети им недостасува она најважното, точната локација - локалитетот каде се откриени монетите. Најдобра е состојбата со збирката на Завод музеј Прилеп.

Во вакви околности последните децении е оформена и нумизматичка збирка на Филозофскиот факултет во Скопје која содржи повеЌе од 300 монети на македонските владетели со повеЌе од 90% точно забележена локација на монетите.

Познато е дека со овој материјал се занимавале многу истражувачи во минатото, но и денес, при Што нивните напори се евидентни во соодветната стручна и научна литература. Познати се голем број од делата поврзани со монетните наоди и локалитети од класичниот и хеленистичкиот период: А. Керамитчиев, И. МикулчиЌ, В. Битракова Грозданова, Е. Петрова, В. Соколовска, Ф. Папазоглу, В. ЛилчиЌ, Н. ш елдаров, и други.

Се разбира дека сите нивни досегаШни напори ги респектирам и на соодветен начин, согласно мојот истражувачки пристап, кој го градам во консултации со мојот ментор професор д-р Виктор ЛилчиЌ, инкорпорирам сите научно валидни информации од македонската нумизматика во мојата магистерска студија.

Оваа тема била, се разбира, парцијално обработувана, но со фокусирање на збирки кои не се предмет на овој труд. Збирката на Филозофскиот факултет

во Скопје Ќе биде, за прв пат, целосно третирана во рамките на еден карактеристичен истражувачки процес во обемот на мојот магистерски труд.

Во рамките на оваа збирка се наоЃаат нумизматички наоди од речиси сите региони на Р. Македонија, Што значи дека овој магистерски труд Ќе успее да ја покрие рамномерно територијата на наШата земја на која Што се протегал северниот дел на античкото кралство Македонија.

- Предмет на истражувањата

Античките кралеви на Македонија, ковале сопствени монети во бронза, сребро и злато. Овие пари биле наменети главно за трговска размена во кралството како и за плаЌање на војската.

Од Александар ` до Персеј изминале околу 3,5 столетија, во кои кралевите на Македонија помеЃу останатите примери во материјалната култура, натписите, градовите, гробниците и со сопствените монети ја одбележиле за вечноста својата држава, кралството Македонија.

На нивните монети дефилираат разновидни животни, божества, предмети со симболичка порака, нивните ликови и имиња.

Ако сториме кус пресек на раноантичките нумизматички емитери во јужниот дел на Балканскиот Полуостров, Ќе ги видиме во најраната антика Пајонските племиња[1]. Потоа, предничат хеленските градови-полиси со своите архајски и подоцна класични ковови[2]. Во внатреШноста на полуостровот коваат Пајонските владетели во класичниот период и во хеленистичкиот период. На исток коваат тракиските владетели[3], а на запад ограничено илирски владетели.

Македонската нумизматика, среде ова милје, нема архајски традиции, но има силен подем во класичниот и хеленистичкиот период. Овој подем секако се

---

[1] Е. Петрова, Пајонија, Скопје 1999
[2] H. Gaebler, Die Antiken Munzen fon Makedonia und Paeonia, Berlin 1935
[3] Yordanka Yurukova, Glorie di Tracia, Firenze 1997

должи на силната експанзија на кралството предводено со кралеви од Аргеадската и Антигонидската династии, кои опкружени со цивилизираниот хеленски југ, цивлизираните северни пајонски соседи и агресивните посеверни Дарданци, североисточни тракиски племиња и непријателски расположени северозападни илирски племиња, како и персиската агресивна кампања кон Атина низ македонската земја, на врвен стратегиско-дипломатски начин успешно ја воделе Македонија до завидно цивилизациско рамниште.

- Просторни и временски рамки

Кралството Македонија во основа се ширело во неколку фази. **Првата фаза** е доаѓањето на Македонците преку Пинд во Орестида (Костурско), горниот тек на реката Бистрица (Халиакмон), и ја основале првата македонска престолнина легендарниот град Арг[4], по кого е наречена и династијата Аргеади. **Втората фаза** е дисперзијата на Македонците кон Исток и северо-исток и оформување на уште шест рани македонски кнежества (Елимеја, Еордаја, Линкестида, Ематија, Ботиаја и Амфакситида). За нас се позначајни Линкестида и Амфакситида, затоа што со своите северни делови овие кнежества заземаат дел од јужните делови на денешна Р. Македонија (Линкестида во Битолскиот регион до коритото на реката Црна (Еригон) и Амфакситида во Гевгелиско-Валандовскиот регион и Демир Каписката клисура). **Третата фаза** во територијалното преотегање на античкото кралство Македонија е експанзијата на север под династијата Антигониди во 3 и 2 век п.н.е., кога тие ги анектираат Пајонија и Пелагонија. Најголемиот пајонски град Билазора паѓа во 217 г. п.н.е.. Него го освојува Филип V.

[4] Н. шелдаров и В. Лилчиќ, Кралевите на Античка Македонија и нивните монети во Р. Македонија, Скопје 1994

- Литература

Како Што споменав претходно, литературата за оваа проблематика е голема. Покрај капиталното дело на *H. Gaebler*,[5] би набројал уште неколку:

- D. Raymond, *Macedonian Regal Coinage to 413 B.C., New York 1953*, не заменливо дело за монетоковањето на првите двајца македонски кралеви (Александар I и Пердика II);

- M. Price, *Coins of the Macedonians, London 1974*, која содржи краток преглед на племенското и кралското монетоковање;

- G. Le Rider, *Le monnayage d'argent et d'or de Philippe II, frappé en Macédonie de 359 a 294, Paris 1977*, исклучително издание за златното и сребреното монетоковање на Филип II;

За монетоковањето на Александар III Велики:

- L. Müller, *Numismatique d'Alexandre le Grand, Kopenhagen 1855*;

- E. T. Newell, *Reattribution of certain tetradrachms of Alexander the Great, New York 1912*,како и *Alexander hoards, Demanhur 1905*;

- A Bellinger, *Essays on the coinage of Alexander the Great, New York 1963*;

- O. Mørkholm, *Early hellenistic coinage: from accession of Alexander to the peace of Apamea (336-186 B.C.), Cambridge 1991*, содржи коментар и за монетоковањето на наследниците на Александар;

- M. Price, *The coinage in the name of Aleander the Great and Philip Arrhidaeus, Zurich/London 1991*, се смета за најдобро издание за монетоковањето Александар.

Во регионот, повторно ќе го спомнам каталогот на Н. Мушмов, *Античните монети на Балкански□ полуостров и монетите на б□лгарските царе, Софи□ 1912*, во кој се опишани монетните типови на трако-македонските племиња и македонските кралеви од Александар I до Персеј, како и преглед-каталогот на Д. Драганов, *Монетите на македонските царе Част I и II, □мбол 2001*, со опис на монетоковањето на секој крал одделно.

Во Р. Македонија, во поглед на монографии би ги истакнал:

[5] H. Gaebler, Die antiken Munzen von Makedonia und Paionia, Berlin 1935

- Н. шелдаров и В. ЛилчиЌ, *Кралевиīе на Анīичка Македонија и нивниīе монеīи во Реīублика Македонија, Скоīје 1994*, прво дело посветено на оваа проблематика, со краток преглед за комплетната историја на македонскиот народ (до Персеј) и опис на монетоковањето и монетните типови на македонските кралеви, од Александар I до Персеј;

- Б. Хусеиновски, *Анīичкиīе монеīи од Вардарски Рид, Том I, Гевгелија 2004*, претставување на монетите пронајдени на локалитетот В. Рид;

- Н. шелдаров, *Бронзениīе монеīи на македонскиоī крал Персеј, Скоīје 2013*, монетоковање, монетни типови и емисии на последниот Македонски крал Персеј.

## II. КРАТОК ПРИКАЗ НА ОСНОВНИТЕ ИСТОРИСКИ МОМЕНТИ ВО ПЕРИОДОТ НА 5-2 ВЕК ПР. Н.Е.

Временската рамка на овој труд е содржана во периодот од 5-2 век пред н.е., односно во времето кога македонските кралеви ковале свои монети кои во големо количество се пронајдени на територијата на денеШна Р. Македонија. Прегледот на македонските кралеви накусо изгледа вака:

**Александар I** (498-452 г.) е првиот македонски крал за кои се знае дека ковал свои монети. Со оглед на тоа дека владеел 46 год., можеме да сметаме дека токму ова долго владеење ја стабилизирало државата и го овозможило нејзиното натамоШно јакнење и оформување. **Пердика II** (452-413 г.), син на Александар I, дипломат, ја води Македонија низ теШки времиња, во време на Пелопонеската војна (431-404 г.) која воглавно се одвива на трако-македонскиот брег и во внатреШноста на Македонија, Тракија и Пајонија. **Архелај I** (413-399 г.) бил син на Пердика II и Симиха, дворјанка на најстариот брат на Пердика, Алкета. Неговото владеење го одбележале низа реформи на политички, економски и културен план. Во околината Солун изградил град - Пела, каде Што ја преместил престолнината од градот Ајгаи. Следуваат кралеви кои релативно кратко се задржуваат на власт: **Кратеј** (399 г.), **Орест** (400/399-398/7 г.), **Аероп II - Архелај II** (398/7-395/4 г.) **Аминта II** (394/3 г.), **Павсаниј** (394/3 г.). Во првото владеење (394/3-393/2 г.) **Аминта III** (394/3-370/69 г.) склучува политичко-трговски договор со Халкидскиот сојуз. Ова бил лажен договор Што укажува на не добиената помоЩ од страна на Сојузот, за време на првиот илирски напад. Целата ситуација ја користи линкестидската странка која го

протерува Аминта III и на престолот го поставува **Аргеј II** (393/2-392/1 г.).[6] По две години владеење **Аминта III** (392/1-370/69 г.) одново доаЃа на престолот. Неговото второ владеење го обележува војувањето со Олинт, како и покорувањето на малите македонски кнежевства и создавањето на една голема Македонија. Аминта III имал две жени Евридика (Ќерката Евриноја и синовите Александар II, Пердика III и Филип II) и Гигеја (Архелај, Аридеј и Менелај).[7] Потоа следуваат **Александар II** (370/69-368/7 г.), **Птоломеј од Алор** (367/6-366/5 г.), **Пердика III** (365-359 г.). Во 382 г. пр. н.е. бил роден **Филип II** (359-336 г.). За неговите воени, политички и економски делувања се напиШани многу бројни научни трудови.[8][9] Сите се едногласни, за време на владеењето на Филип II се издигнува моЌна Македонска држава. Од неговото владење би ги издвоил следните настани: воспоставувањето контрола над Амфипол и пристап до богатите рудници за злато и сребро во областа Пангај, зацврстувањето на внатреШното единство и обезбедувањето на македонското кралство од своите соседи, како и завземањето на Халкидик. Тој е убиен во 336 г. пр. н.е. во градот Ајгаи, за време на свадбата на неговата Ќерката Клеопатра. Во 356 г. пр. н.е. е роден **Александар III Македонски** (336-323 г.), син на Филип II од неговиот петти брак со Олимпија, молосијска принцеза од Епир.[10] На 16 годиШна возраст е поставен за регент на Пела, додека во 336 г. пр. н.е. од македонскиот воен совет, со едвај дваесет години, е поставен за крал. Со само тринаесет годиШно владеење тој влегува во историјата како најголемиот војсководец на сите времиња. Неговите походи започнале на Југ, низ Тесалија до Пелопонез. Потоа следува поход на Тракија, Дарданија до Дунав. Во 334 год. во војната со Персија, ја забележува првата голема кај реката Граник, која му го отворила патот низ М. Азија. Со втората победа кај Ис, Што ја предводел лично персијскиот крал Дариј III, го отворил патот кон Египет. Во третата кај Гавгамела, □ нанесува катастрофален пораз на војската на Дариј III, со Што без борба, прво влегол во

[6] Н. ш елдаров и В. ЛилчиЌ, Кралевите на Античка Македонија и нивните монети во Р. Македонија, Скопје 1994

[7] Н. ш елдаров и В. ЛилчиЌ, Кралевите на Античка Македонија и нивните монети во Р. Македонија, Скопје 1994

[8] J. R. Ellis, Philip II and Macedonian Imperialism, Princeton University Press 1986

[9] Г. И. Кацаров, Цар□ Филип□ II Македонски, Софи□ 1922

[10] A. Trosnon, Satyrus the Peripatetic and the marriages of Philip II, vol. CIV, London 1984

Вавилон, а потоа и во Суса. Со своите освојувања заврШил во Индија. Умира во 323 г. од маларија. Како и за Филип, така и за Александар научната литературата е огромна.[11][12][13] По неговата смрт во Вавилон настанува вистинска борба за престолот. Во таа борба учествуваат, од една страна, законските членови на кралскиот род Аргеади, од друга страна генералите на македонската војска.[14] Александар не оставил наследник. Неговата жена Роксана се очекувало да се породи неколку месеци по неговата смрт. По бурни реакции помеЃу предводниците на пеШадијата и коњаницата се доШло до компромис. Тој бил полубратот на Александар III (вонбрачен син на Филип II) - Аридеј кој бил назначен за крал под името **Филип III Аридеј** (323-317 г.), под услов, ако Роксана роди син, тој да ја подели власта со него. Исто така, во Вавилон се случило и првото распределување на Александровото наследство, во кое: Птоломеј го добил Египет, Лизимах - Тракија, Антигон Монофталм (Едноокиот) - Фригија, итн. Антипатар бил задолжен за војските во Европа, а Кратер за регент на Филип III Аридеј во Македонија. По смртта на Антипатар во 319 г. пр. н.е. за регент на двата крала бил избран Полиперхон, генерал на војската во Македонија и верен на династијата на Аргеадите. Против него воени дејствија започнал најстариот син на Антипатар - Касандар, по Што Полиперхон побарал помоШ од мајката на Александар III, Олимпија која пак, имала поддрШка од епирскиот крал Еакид. Евридика, сопругата на Филип III, која во тоа време ја контролирала Македонија со поддрШка на Касандар, распоредила војска на границата со Епир. До војна помеЃу двете војски не доШло, затоа Што македонската војска преминала на страната на Олимпија. Филип III веднаШ бил фатен, а Евридика подоцна во Амфипол. По наредба на Олимпија, во 317 г. пр. н.е., се убиени и двајцата.[15] Олимпија заедно со Александар IV, Роксана, Тесалоника и Ќерката на Еакид - Деидамеја се стационирале во Пидна. **Касандар** (316-297 г.) се надевал да го замени својот татко Антипатар но,

[11] Thomas R. Martin and Christopher W. Blackwell, Alexander the Great: The Story of an Ancient Life, Cambridge University Press 2012
[12] N. G. L. Hammond, Alexander the Great, King, Commander and Statesman, London 1994
[13] J. R. Hamilton, Alexander the Great, Pittsburgh 1974
[14] Н. ш елдаров и В. ЛилчиЌ, Кралевите на Античка Македонија и нивните монети во Р. Македонија, Скопје 1994
[15] N. G. L. Hammond and F.W. Walbank, A History of Macedonia Vol. III 336-167 B.C., Oxford 1988

бидејЌи до тоа не доШло, тој ја напуШтил Македонија и започнал војна против Полиперхон. Со помоШ на соборецот на татко му Антигон Еднооките, окупирал низа грчки градови и успеал да го врати поголемиот дел од Македонија, а под опсада ги држел градовите Пела, Амфипол и Пидна. Олимпија останала во Пидна. Кога градот се предал, по наредба на Касандар, таа била убиена. Касандар речиси имал с□ но му недостигала крвната врска со македонската кралска династија. За таа цел, во 316 г. ја зема за жена Тесалоника, Ќерката на Филип II, и во 312 г. го обновува градот Термаи кој го нарекува по неа - Тесалоника. Војната за превласт помеЃу генералите на македонската војска продолжиле и понатаму. Во 301 г. во Ипсос (Фригија), во борба против Касандар, војската на Антигон Еднооките и неговиот син Деметриј I Полиоркет доживува катастрофален пораз, во која, на бојното поле загинува Антигон. Царството е поделено помеЃу Касандар, Лизимах, Птоломеј и Селеук.[16][17] Умира во Пела, во 297 г. пр. н.е.. По Касандар следуваат неговите синови **Филип IV** (297 г.), **Александар V** (297-294 г.) и **Антипатар** (297-294 г.). По смртта на најстариот син Филип IV (за кого се претпоставува дека умрел од некоја болест), власта била поделена помеЃу Александар и Антипатар. Александар е убиен по наредба на **Деметриј I Полиоркет** (294-287 г.), син на Антигон Еднооките и основач на династијата Антагониди. Со едвај 16 години бил принуден да се ожени со повозрасната од него Фила (Ќерка на Антипатар), со која имал две деца (Антигон Гонат и Стратоника). На 23 годиШна возраст (313 г. п.н.е.) татко му го назначил за стратег на Сирија и Феникија. Оттука ги забележуваме неговите воени дејствија против Египет, Вавилон, Грција... Крајна цел му била создавањето на една средоземноморска држава со земји од Европа, М. Азија и Северна Африка. Иако историчарите го сметаат за најлоШиот македонски владетел, Деметриј бил надарена и образувана личност која предизвикувала восхит, но и страв кај своите современици. Тој оставил впечаток на голем поморски стратег и опседнувач на градови по Што го добил и својот прекар Полиоркет. Умрел во 283/2 г. на 53 годиШна возраст.[18] **Пир** (287-285 г.) бил син на кралот на Молосите

[16] N. G. L. Hammond and F.W. Walbank, A History of Macedonia Vol. III 336-167 B.C., Oxford 1988
[17] M. Fortina, Cassandro re di Macedonia, Turin 1965
[18] E. Manni, Demetrio Poliorcete, Rome 1951

Еакид, најмоќното племе во Епир. Во поделбата на Македонија тој го добил делот западно од реката Вардар, по што, за кратко време ја зајакнал својата позиција контролирајќи голема територија (од р. Вардар на Исток, Јадранско Море на Запад и Термопилите на Југ). Набргу, **Лисимах** (287-281 г.) собрал голема армија и тргнал против Пир. Дел од војската на Пир одбила да се бори, по што, бил принуден, неславно, да се врати во Епир.[19] Во 272 г. пр. н.е., во Арг, Пир бил убиен од Антигон Гонат. Откако го потиснал Пир (285 г. пр. н.е.), Лисимах ја зацврстил својата власт во Македонија. Тој владее и со Тракија и делови од М. Азија. Опасноста од прераснување на една голема Егејска империја ја забележале Птоломеј и Селеук. Загинува во 281 г. пр. н.е. близу Сард, во битката против Селеук.[20] Следуваат **Птоломеј Кераун** (281-279 г.), **Мелеагер** (279 г.), **Антипатар Етесиј** (279 г.), **Состен** (279-277 г.). Во 279 г. п.н.е. се случил големиот келтско-галски продор, пустошејќи ги Пајонија, Тракија, Македонија и Тесалија. Ова го искористил **Антигон II Гонат** (277-240/39 г.) кој бил стациониран во Грција. Во 277 година п.н.е., во Тракија, во близина на Лисимахија, им нанел пораз на келтите што бил впечатлив за целиот тогашен свет. Таа победа му овозможила да дојде до македонскиот престол. Неговото владеење го одбележале битките со Пир во егејскиот дел на Македонија, независноста на Пајонија, поморските битки со Птоломеј II и Птоломеј III, но и основањето на три градови кои гоноселе неговото име (Антигонеја). Целта на Антигон Гонат била да ја заштити Македонија од војна. Од бракот со Фила (која била негова внука од сестра - Стратоника) го имал синот **Деметриј II** (239-229 г.)[21][22]. Кога епирскиот крал Александар, син на Пир, решил да завладее со Македонија, Антигон го доверил командувањето на воените операции на својот син Деметриј, по што Александар, бил принуден да избега во Арканија. Неговото десет годишно владеење го обележала т.н. “Деметриева војна” за повторно потчинување на Грција. Загинува во битка против Дарданците во 229 г. пр .н.е.[23]

---

[19] N. G. L. Hammond and F.W. Walbank, A History of Macedonia Vol. III 336-167 B.C., Oxford 1988

[20] Н. шелдаров и В. Лилчиќ, Кралевите на Античка Македонија и нивните монети во Р. Македонија, Скопје 1994

[21] Н. шелдаров и В. Лилчиќ, Кралевите на Античка Македонија и нивните монети во Р. Македонија, Скопје 1994

[22] W. W. Tarn, Antigono Gonatas, Oxford 1913

[23] N. G. L. Hammond and F.W. Walbank, A History of Macedonia Vol. III 336-167 B.C., Oxford 1988

Деметриј II бил оженет со епирската принцеза Фтија со која го имале синот Филип V. Во 229 г., по смртта на Деметриј, за регент на 8 годиШниот Филип V бил назначен внукот на Деметриј I Полиоркет, **Антигон III Досон** (229-221 г.). Во текот на своето владеење, Антигон Досон, требал да се бори како со дарданците, така и со двете грчки лиги - Ајтолската и Ахајската. Македонија била на прагот комплетно да го изгуби своето влијание во Грција. За таа цел, Антигон направил стратегиски план да го раскине сојузот меЃу двете лиги и да го неутрализира Египет. Умрел во 221 г. од туберкулоза, непосредно по враЌањето на македонската хегемонија над Грција и Пелопонез.[24] Во 220 г. пр. н.е. на власт доаЃа 17 годиШниот **Филип V** (221-179 г.). Првите години од неговото 40 годиШно владеење, ги обележуваат војувањата во т.н. Сојузничка војна (220-217 г.) против Ајтолијците и Спарта, но и интензивни напади на Дарданците од Север преку територијата на Пајонија. За да ги спречи нападите од Север, во 217 г. превземал поход во Пајонија, ги потиснал Дарданците, а Пајонија ја приклучил кон Македонската држава која Ќе остане во нејзин состав се до 168 година. Во 219 година римјаните веЌе биле во Илирија на источниот брег на Јадранското Море и следните векови се всуШност историја на римскиот продор на Исток. Со давањето поддрШка на Ханибал во 215 г., и обидувајЌи се да излезе на Јадранското Море, Филип V го привлекол вниманието на римјаните. Со тоа започнала првата македонско-римска војна (215-205 г.) во која, на крајот, добил некои територијални придобивки, но не успеал да го разбие римскиот протекторат и да ги протера римјаните од Илирија. Во 203/2 година, по смртта на Птоломеј Филопатор, по иницијатива на Филип V бил склучен договор со Сирискиот крал Антиох III за поделба на Египет (Египет и Кипар на Антиох, а Кикладите, Јонија и Кирена на Филип). Во 201 г. започнал со освојувањата на градовите на тракискиот брег: Перинт, Лизимахија, Маронеја, Аенос, Сест и други. Против него се формира голема коалиција (кралот на Пергам Атал И, Родос, Ајтолискиот сојуз и др.) која бара помоШ од Рим. Во логорот во Абид Римскиот Сенат, преку својот пратеник Марко Емилиј Лепид, му пратил порака на Филип V, Што тој ја одбил. Почнала втората македонско-римска војна (200-197

[24] N. G. L. Hammond and F.W. Walbank, A History of Macedonia Vol. III 336-167 B.C., Oxford 1988

г.). Главната битка се одвивала во 197 година кај местото Киноскефале во Тесалија каде Што Филип V бил целосно разбиен од римскиот конзул Тит Квинт Фламинин. Последиците од поразот биле големи. Македонија требала да плати голем паричен прилог, да ги напуШти сите поседи во Грција и М. Азија, да ја предаде воената флота и без дозвола на Рим не смеела да војува надвор од Македонија, а помалиот син на Филип, Деметриј, бил испратен во Рим како заложник. Така, Македонија станала зависна од Рим, а Филип V се задолжил да учествува во нивните воени дејствија. Во 191 г. пр. н.е., Римскиот Сенат го ослободил и го вратил Деметриј во Македонија, по Што тој се вклучил на страната на Рим во борбите против сирискиот крал Антиох III. По потпиШаниот мир во Апамеја во188 г. пр. н.е., Рим бил признат за доминантна сила во целиот Медитеран. Во 183 г. односите помеЃу Филип V и Рим повторно се затегнале, но војната ја спречил Деметриј кој бил голем симпатизер на Рим. Кон крајот на својот живот Филип V доживеал трагични моменти предизвикани од неговите двајца синови (Деметриј бил отруен, благодарение на подментато писмо од страна на Персеј во кое било наведено неговото убиство). Односите помеЃу нив двајца се оладиле до тој степен Што Филип помислил власта да ја даде на Антигон, внукот на Антигон III Досон, но смртта го спречила. Тој починал во Амфипол во 179 г. пр. н.е.[25][26] По смртта на својот татко, **Персеј** (179-168 г.) заедно со својата војска, бргу стигнал во Тракија и веднаШ бил избран за крал. Сепак му бил сомнителен на Римскиот Сенат како главен виновник за смртта на својот про-римски ориентиран брат. ПодготвувајЌи се за војна со Рим, Персеј се обидувал на секаков можен начин да собере сојузници како од периферијата на Македонија, така и од некои источни држави. За таа цел, во 178 година ја зема за жена Лаодика, Ќерката на Селеук IV од Сирија, потоа, ја дава својата полусестра на Апама за жена на Присиј II од Битинија, а подоцна и својата Ќерка на тракискиот крал Терес. Заедно со овие сојузници тој се насочил против Еумен II од Пергамон, кој по склучениот мир во Апамеја 188 г., како римски сојузник, ја добил цела Мала Азија. По побараната помоШ од Еумен, Рим испратил своја делегација со цел да склучат привидно и лажно примирје. Од друга страна,

[25] N. G. L. Hammond and F.W. Walbank, A History of Macedonia Vol. III 336-167 B.C., Oxford 1988
[26] F. W. Walbank, Philip V of Macedon, Cambridge 1940

Персеј испратил своја делегација која била ислуШана од Римскиот Сенат, но не била постигната крајната цел, да се добие траен мир. Војната била неизбежна. Третата македонско-римска војна (171-168 г.) започнала со навлегувањето на 30.000 војска во Грција под воена команда на конзулот Публиј Ликиниј Крас. Првиот посериозен судир бил во Лариса (Тесалија), каде Што македонската коњаница имала успеси. Во битката учествувала и тракиската коњаница предводена од кралот Котис. Еден дел од римската војска била стационирана во Илирија со цел да ја вознемирува Македонија од Запад. На Север, презел воени походи против Дарданците кои повторно ја напаѓаат Македонија. Персеј имал голема војска, но бил не реШителен бидејќи не бил сигурен во нејзината верност. Во меѓувреме, Котис бил принуден да се врати во Тракија. Персеј сакал да склучи мир со Рим. За таа цел побарал посредниШтво од Еумен II и Родос, по Што Еумен, за услугата побарал 1500 таланти кој Персеј не сакал да ги плати. Родос, чија Што поморска трговија најмногу страдала од војната, се согласил да посредува, но Рим не сакал мир. Во 168 година новиот римски конзул Лукиј Емилиј Паул пристигнал во Македонија, ја реорганизирал римската војска и превзел реШителни воени дејствија во регионот на Солунскиот залив. Главната битка се одвивала во градот Пидна, каде македонската војска поразена. Персеј, заедно со постариот син Филип VI, се предава и се одведени ви Амфипол. Во 167 година, Емилиј Паул го води во Рим за да го одбележи својот триумф. Во 165 г. пр. н.е. Персеј умира во затвор во градот Алба. 18 години подоцна умирел и неговиот син како обичен роб-писар.

Тоа бил крајот на династијата на Антигонидите, а со тоа и крајот на античкото кралство Македонија.[27]

[27] N. G. L. Hammond and F.W. Walbank, A History of Macedonia Vol. III 336-167 B.C., Oxford 1988

- Основен поим за административно-територијалната организација на Република Македонија во раната антика

Република Македонија, во античкото кралство Македонија, учествува само со својот јужен и југоисточниот дел од својата територија - Амфакситида (Гевгелиско-Валандовски регион) и Линкестида (Битолски регион), како области на Долна, односно Горна Македонија.

**Амфакситида** го зафаЌала пределот околу долниот тек на р. Вардар. Прв пат се спомнува во времето на Филип V во 187 г. пр. н.е., кога □ дозволил да кова сопствени сребрени и бронзени монети. Ковницата била во Тесалоника. [28] Првите спомнати градови ги забележуваме кај грчкиот историчар Тукидит. По смртта на локалниот кнез Филип, кралот на соседна Долна Македонија Филип II, влегол со својата војска во Амфакситида и ја присоединил кон својата држава. Синовите на Филип побарале помоШ од одрискиот крал Ситалк кој во 429 г. пр. н.е. изврШил поход на Македонија.[29] Одриската војска се стационирал во пајонскиот град Добер (Струмица),[30] и оттука влегла во Македонија освојуваЌи ги градовите Идоменае, потоа без борба Гортинија, Аталанте и некои други места. Единствено градот Еуроп не бил освоен.

Идоменае (Еидомене) бил првиот град кој му се наШол на патот на Ситалк во налетот на Македонија. СеуШте не е утврдена точната локација на овој град. Претпоставките се дека се наоЃал на патот кој од Тесалоника, преку Стоби и Дарданија водел до Дунав. Според Проф. др. И. МикулчиЌ тоа е локалитетот Исар-Кула, 0,8 км северно од Валандово.

Гортинија е следниот град кој без борба бил заземен од Ситалк. Географот Страбон забележал дека градот се наоЃа на самиот Вардар, на речниот теснец (Д. Капија), преминот од Пајонија во Македонија. Во него, од Југ

[28] Ф. Папазоглу, Македонски градови у Римско доба, Скопје 1957
[29] Thuk. II
[30] И. МикулчиЌ, Антички градови во Македонија, Скопје 1999

се доаѓа преку градот Гортинија, а од Север, од градот Стоби. Гортинија е лоцирана на ритчето Исар кај Марвинци.

По Идоменае и Гортинија, како следен град кој го освоил Ситалк, Тукидит го наведува местото Аталанте кое исто така лежело на Вардар. Освен тоа Што се знае дека е во Македонија, точната локација на овој град не е позната. Се претпоставува дека тоа е локалитетот Вардарски Рид (кај Гевгелија).[31]

Еуроп е единствениот град (во тој поход) кој Тракијците го држеле под опсата, но не го освоиле. Тој е лоциран во с. АШиклар.[32]

Долна Македонија претставува кралството на Александар I. Тоа била Широка рамнина околу Солунскиот залив, на Југ до планината Олимп, на Запад долните текови на реките Бистрица и Мегленица и планините Каракамен и Пирена. На северо-исток и исток, долните текови на реките Вардар и Струма.[33] Просторот помеѓу долните текови на реките Бистрица и Вардар го претстаувал јадрото на македонската држава во кој, подоцна, влегле и соседните горномакедонски племиња.[34] Покрај Амфакситида, области во Долна Македонија биле и Пиерија, Орестида, Елимеја, Мигдонија, Еордаја и Ботиаја.

Горно-македонската област **Линкестида**, се протегала на регионот на денеШен Лерин, на север до Битола, јужниот дел од пелагониската рамнина, со планината Баба на запад, со јужниот дел на висорамнината Мориово и Кајмакчалан на исток. Познатиот антички пат Виа Егнатија минувал низ Линк и преку преминот Кирли-Древен продолжувал кон Еордаја на југ. Преку преминот Писокал, на југозапад, е поврзана со областа Орестида. Се смета дека Линкестите го населуваат овој простор во 7 век пр. н.е..[35] Најстар познат линкестидски владетел, без кралска титула бил Бромер, 475 г. пр. н.е. За неговиот син Арабеј I, кој веќе бил крал околу 445 г. пр. н.е., пиШува Тукидит. Тој раскажува за обидите на долномакедонскиот крал Пердика II, со помоШ на спартанскиот крал Брасида и неколку илирски одреди, да го освои Линк и да го присоедини кон својата држава. Овој неуспеШен обид се случил во два наврати,

[31] И. Микулчиќ, Антички градови во Македонија, Скопје 1999
[32] Ф. Папазоглу, Македонски градови у Римско доба, Скопје 1957
[33] Н. шелдаров и В. Лилчиќ, Кралевите на Античка Македонија и нивните монети во Р. Македонија, Скопје 1994
[34] Ф. Папазоглу, Македонски градови у Римско доба, Скопје 1957
[35] И. Микулчиќ, Антички градови во Македонија, Скопје 1999

424 и 423 г. пр. н.е. Во средината на 4 век Илирите, предводени од Бардилис, ги окупирале македонските градови во Линкестида и Десаретија. Но, Филип II повторно ја присоединува кон Македонското кралство. На почетокот од 2 век пр. н.е., во рамките на втората Римско-Македонска војна, во Линкестида доаѓа до судир помеѓу македонската војска на Филип V и римските легии предводени од конзулот Публиј Сулпикиј Галба. Во раниот римски царски период се споменува само градот Хераклеја.[36]

Хераклеја била главен град во Линкестида. Самото име кажува на нејзиното македонско потекло и се врзува за македонската кралска лоза. Се наоѓа во Битолскиот регион, на плодна почва, на самата севернозападна граница на Линкестида. Економскиот развој го стекнала благодарение на повеќето лежишта на железна руда, јаглен и металургијата како занает, како и магистралниот пат Виа Егнатија кој поминувал низ неа. Дилемата од кога потекнува овој град се чини е разрешена, благодарение на археолошките наоди кои укажуваат дека животот во Хераклеја започнал, во скромен обем, во времето на Филип V. Откако му биле одземени освоените земји западно од Линкестида, за време на Втората Римско-македонска војна, Филип V, подготвувајќи се за повторно освојување, го обновил ова стратешко место и го нарекол Хераклеја за да им укаже на сите дека и ова е дел од Македонија. Градот продолжил да живее и во римско време.[37]

Градот Линк последен пат се спомнува во средината на 1 век пр. н.е., за време на Граѓанската војна меѓу Јулие Цезар и Помпеј, кога била забележана политичка средба во “Хераклеја близу Линк”. Градот Линк, во кој владееле линкеститските владетели близу три века, сеуште не е потврден со сигурност. Според И. Микулчиќ, врз основа богатите археолошки наоди, градот го лоцира во с. Букри, 12км југоисточно од Битола.[38]

Освен Линкестида, областите во Горна Македонија ги сочинуваат уште и Елимеја и Орестида.

---

[36] В. Лилчиќ, Линкестида и Девриоп, Том I, Скопје 2009
[37] И. Микулчиќ, Хераклеја, Скопје 2007
[38] И. Микулчиќ, Антички градови во Македонија, Скопје 1999

# III. МОНЕТИТЕ НА МАКЕДОНСКИТЕ КРАЛЕВИ

За претпоставките дека првите емисии на племенско монетоковање, како оние од Средна Азија, биле ковани од електрон околу 550 г. пр. н.е. сеуШте нема сериозна потврда. Познато е дека Пангејскиот регион поседувал значителни количества на злато и сребро, но не и електрон.

Основното датирање на племенското монетоковање е во периодот помеЃу 560/50-530 г. пр. н.е. Некои сметаат дека тоа е поврзано со Персиската експанзија во Европа и го ставаат во периодот околу 514/13-479 г. пр. н.е., кога на племињата им било наложено да го плаЌаат потребниот данок. *N. Hammond* датирањето го дели во три периоди: 540-511 г., типови на "Лете", дерони, тинтени, инхи, орески, лееи, дионисии; 510-480 г., типови на "Лете", орески, едони, бизалти; 480 г., типови на Александар I и други.

Генералното датирање е поделено во три фази, а врз основа на неколку остави кои, нормално, содржеле монети на Александар I. Останатите биле хронолоШки подредени врз основа на иконографијата.

**Прва фаза** (530-514 г.) ги опфаЌа монетите од типот "Лете" со претстави на фигури на "Силен и нимфа" на аверсот и неправилен вдлабен квадрат на реверсот (***шиї 1***). Монетите се дебели со мал дијаметар. Овие емисии се датираат во периодот 530/525 г. пр. н.е..



***Тип 1***

**Втората фаза** (513-480 г.) го опфаЌа подоцниот тип на монетите “Лете”, кои биле со пофина изработка (поШироки и потенки), а фигурите на “Силен и нимфа” појасни (***тип 2***). Реверсот е со правилен вдлабен квадрат, поделен дијагонално на четири релјефни триаголници, како и стандардниот вдлабен квадрат поделен на четири помали квадрати. Типот “Кентаур со нимфа/ш лем” е кован од неколку племиња (***тип 3***). Оние со натпис се основниот номинал за областа - статер, со имињата на орески, лееи, диониси и др. Статерите на ореските од типот “Воин зауздува коњ” имаат два различни типови на реверси: вдлабен квадрат поделен дијагонално на четири триаголници и вдлабен квадрат поделен на четири дела (***тип 4***). Тука се уШте и октодрахмите на инхите, тинтените и едоните од типот “Маж со каусија зад два вола” (***тип 5***).



Лете (***тип 2***)



ΛΕΤΑΙΟΝ (***тип 3***)



Орески (***тип 4***)



Едони/Гета (***тип 5***)

**Третата фаза** (479-460 г.) започнува со октодрахмите на едоните, “Маж со каусија зад два вола”, кои по стилот се разликуваат од пораните изданија. На октодрахмите на орескиte мажот носи две долги копја (*шиū 6*). Истата претстава е и на октодрахмите и октоболите на бизалтите и октоболите на Мозес.
На некои октодрахмите на орескиte, едоните и некои октодрахми и октоболи на бизалтите, на реверсот е претставен вдлабен квадрат, поделен на четири помали квадрати (*шиū 7*). Последните емисии на едоните и бизалтите се датираат околу 460 г. пр. н.е.[39]



 Orески (*шиū 6*)



Бизалти (*шиū 7*)

**Александар I** (498-454 г.)

Се смета дека Александар I (498-454 г.) бил првиот македонски крал кој ковал свои монети. Неговото монетоковање може да се толкува како продолжување на племенското, (врз основа на типот “Маж со каусија и две копја зад коњ/ΑΛΕΞΑΝΔΡΟ во вдлабната квадратна рамка, околу квадрат поделен на четири еднакви квадрати”) бидејЌи неговите октодрахми и октоболи иконографски се многу блиски до оние на едоните и бизалтите. Најпрво го користи теШкиот паричен систем со апоените октодрахми со тежина од 29.4 гр., потоа тетрадрахми и тетроболи со тежина од 14.7, односно 2.45 гр. Подоцна Ќе се коваат со намалена тежина: тетрадрахми од 13.2 гр. и тетроболи од 2.18 гр.

[39] Д. Драганов, Монетите на македонските царе, Част I, □мбол 2001

При крајот на неговото владеење во употреба ќе биде само лесниот паричен систем.[40] Монетни типови:

- Октодрахми:

1. Ав. Маж со каусија и две копја зад коњ кон десно. Во полето горе полумесечина. Рв. ΑΛΕΞΑΝΔΡΟ во вдлабната квадратна рамка, околу квадрат поделен на четири еднакви квадрати;



2. Како под бр. 1 само без полумесечина;

3. Ав. Копјаник, наметнат со хламида јава на коњ, кон десно. Под или пред коњот мало куче во скок. Рв. Како под бр. 1;

4. Ав. Како под бр. 1, меѓу нозете на коњот жаба;

5. Ав. Како под бр. 1. Рв. ΑΛΕΞΑΝΔΡΟ, вдлабен квадрат со коњ во трк кон десно;

- Тетрадрахми:

6. Ав. Копјаник со хламида јава коњ кон десно. Рв. Во вдлабен квадрат буквите ΑΛΕ. Протом на јарец кон десно;

7. Ав. Истиот копјаник на коњ кон лево. Рв. Во вдлабен квадрат протом на јарец кон десно со кадукеј во полето;

8. Ав. Како под бр. 6. Рв. Вдлабен квадрат поделен на четири помали квадрати;

9. Ав. Истиот копјаник на коњ кон десно. Рв. Во вдлабен квадрат протом на јарец полуклекнат, со главата свртена наназад;

[40] M. Price, Coins of the Macedonians, London 1974

10. Ав. Како под бр. 6, но во круг со точки. Рв. Грчко-илирски Шлем украсен со перјаница во вдлабен квадрат со гранулирано поле;



11. Ав. Како под бр. 6, под коњот буквата А. Рв. Вдлабен квадрат во него протом на јарец, полуклекнат, кон десно;

12. Ав. Како под бр. 6. Рв. Како под бр. 11;

- Октоболи

13. Како под бр. 2;

- Тетроболи (теШки)

14. Ав. Коњаник со хламида кон десно. Рв. Протом на лав со отворена челуст кон десно;



15. Ав. Како под бр. 14. Рв. Вдлабен квадрат поделен на четири помали квадрати;



16. Ав. Коњ во од кон десно. Рв. Вдлабен квадрат;

17. Ав. Како под бр. 16. Рв. Вдлабен квадрат, во него протом на јарец кон десно;

18. Ав. Како под бр. 16. Рв. Вдлабен квадрат, во него глава со Шлем со перјаница кон десно;



19. Ав. Како под бр. 16, горе во полето буквата А. Рв. Како под бр. 18;

20. Ав. Како под бр. 16, горе во полето буквата Н. Рв. Како под бр. 18;

21. Ав. Како под бр. 16. Рв. Вдлабен квадрат, во него глава со Шлем со перјаница кон лево;

22. Ав. Како под бр. 16. Рв. Вдлабен квадрат, во него со Шлем со перјаница кон десно;

23. Ав. Како под бр. 16. Рв. Вдлабен квадрат поделен на четири помали квадрати. Вертикална оска, модифицирана во керикеион;



- Диоболи

24. Ав. Коњаник со хламида кон десно. Рв. Вдлабен квадрат поделен на четири помали;



25. Ав. Коњ Што стои мирно. Околу точкаст круг. Рв. Вдлабен квадрат поделен на четири помали;

26. Ав. Протом на коњ со свиткани нозе кон лево. Рв. Како под бр. 18;

27. Ав. Биста на коњ кон лево. Рв. Вдлабен квадрат, во него глава на јарец;

- Оболи

28. Ав. Коњ во од кон десно. Рв. Вдлабен квадрат поделен на четири;

29. Ав. Десен профил на младо момче со крилест петасос во круг со точки. Рв. Вдлабен квадрат поделен на четири дела.[41]

На теритоиријата на Р. Македонија позната е една сребрена октодрахма со наоЃалиШте од околината на Струмица, во сопственост на приватна збирка. Во домаШната литература, во каталогот на Н. шелдаров[42] евидентирани се четири примероци, по една од типот бр. 14, 18, 19 и 22.

Збирката на Филозофски факултет не поседува монети на Александар I.

## **Пердика II** (452-413 г.)

Во своето 40 годиШно владеење, Пердика II исковал помал број на типови на монети со помали номинални вредности. Неговите тетроболи и помали фракции биле ковани во сребро. Во почетокот, ја продолжил монетарната политиката на татко му, пуШтајЌи на пазарот само лесни тетроболи. По 440 г. пр. н.е. тој одново го враЌа ковањето на теШки тетроболи, кое било прекинато околу 454 г. пр. н.е.[43] Монетни типови:

[41] Н. шелдаров и В. ЛилчиЌ, Кралевите на Античка Македонија и нивните монети во Р. Македонија, Скопје 1994

[42] Н. шелдаров, Македонија и Пајонија - Колекција шелдаров, Скопје 2003

[43] M. Price, Coins of the Macedonians, London 1974

- Тетроболи (лесни):

1. Ав. Коњ во од кон десно. Под коњот буква П. Рв. Вдлабен квадрат со двојна рамка, во неа Шлем со перјаница;



2. Како под бр. 1, само без буквата П;

3. Ав. Како под бр. 2. Рв. ПЕРΔΙΚΑ, околу Шлем со перјаница, кон десно, во вдлабен квадрат со двојна рамка;



- Диоболи (лесни)

4. Ав. Глава на брадест Херакле со лавовска кожа, кон десно. Рв. Во вдлабен квадрат ПЕР, лак и суровица;

- Оболи (лесни)

5. Ав. Протом на коњ. Рв. ПЕР, преден дел на вепар

- Тетроболи (теШки)

6. Ав. Коњаник со хламида кон десно. Рв. Протом на лав во вдлабен квадрат кон лево. Над лавот керикеион;

7. Ав. Како под бр. 6. Под коњот буквата П. Рв. Како под бр. 6 со или без буквата П горе десно;

8. Ав. Како под бр. 6. Рв. ПЕР, во вдлабен квадрат протом на лав, кон десно;

9. Како под бр. 6. Рв. без керикеион;



- Оболи (теШки)

10. Ав. Коњ Што стои мирно, или коњ со уздите врзани за клин. Рв. ПЕР, во вдлабен квадрат, протом на лав во скок со отворена челуст.[44]

Наодите на неговите монети се многу ретки. Познати се два примероци од типот бр. 2, преонајдени на локалитетите Вардарски Рид и "ГрадиШте" - Дреново. И двете се во сопственост на приватни колекции.

Во Колекцијата шелдаров евидентирани се вкупно четири монети, три од типот под бр. 2 и една од типот под бр. 9.[45]

Монета од типот бр. 2 е евидентирана и во каталогот на Б. Хусеиновски.[46]

Збирката на Филозофскиот факултет не поседува монети на Пердика II.

## **Архелај I** (413-399 г.)

Го наследил својот татко во 413 г. пр. н.е. и веднаШ започнал низа реформи. Тој го враЌа големиот номиналот на сребрените монети од времето на

---

[44] Н. шелдаров и В. ЛилчиЌ, Кралевите на Античка Македонија и нивните монети во Р. Македонија, Скопје 1994

[45] Н. шелдаров, Скопје 2003

[46] Б. Хусеиновски, Античките монети од Вардарски рид, Гевгелија 2004

Александар I, но со редуцирана тежина (помеЃу 10.30 и 10.86 гр.). Се чини, ова редуцирање било наложено со цел, новиот номинал да биде врзан со персиската сигла, која во тоа време добила популарност на Балканскиот полуостров (две персиски сигли биле приближно еднакви на еден сребрен статер на Архелај). Сребрените статери на Архелај се познати и како пентадрахми, дидрахми или тетрадрахми.

Архелај бил првиот македонски крал кој ковал монети во бронза, околу 400 г. пр. н.е.[47] Од неговото владеење па натаму, сите кралски емисии ги носеле имињата на македонските кралеви. Монетни типови:

- Статери

1. Ав. Коњаник со хламида кон лево. Со левата рака ги држи уздите на коњот, а со десната две копја. Рв. АРХЕЛАО, во вдлабен квадрат околу протом на јарец со свртена глава на назад;



2. Ав. Профил на момче (Арес или Аполон?) со дијадема, кон десно. Рв. АРХЕЛАО во вдлабен квадрат околу коњ во од, кон десно;



- 1/5 Статер

3. Ав. Коњ во трк кон лево. Рв. АРХЕЛАО, во вдлабен квадрат со двојна рамка околу Шлем со перјаница, кон лево;

[47] Д. Драганов, Монетите на македонските царе, Част I, □мбол 2001



4. Ав. Коњ во трк кон десно. Рв. АРХЕЛАО, во вдлабен квадрат со двојна рамка околу Шлем со перјаница, кон десно;

5. Ав. Како под бр. 3. Рв. АРХЕЛА, во вдлабен квадрат околу орел со раШирени крилја;



- 1/10 Статер

6. Ав. Глава на брадест Херакле наметнат со лавовска кожа кон десно. Рв. АРХЕ, протом на волк како раскинува плен и суровица во вдлабен квадрат;



- 1/20 Статер

7. Ав. Глава на младиот Херакле со лавовска кожа кон десно. Рв. АРХЕ ,протом на волк и суровица долу и горе во полето;



8. Ав. Како под бр. 7. Рв. АР, глава на лав во вдлабен квадрат;

- 1/30 Статер

9. Ав. Како под бр. 7. Рв. АРХЕ, глава на волк и суровица во вдлабен квадрат;

10. Ав. Како под бр. 7. Рв. АР, глава на лав во вдлабен квадрат, кон лево, со суровица;



- Бронзени монети - Халки

11. Ав. Глава на младиот Херакле кон десно. Рв. АРХЕЛАО, суровица, лак, и корици за стрели;

12. Ав. Глава на лав. Рв. АРХЕ, преден дел на вепар;

13. Ав. Како под бр. 12. Рв. АРХЕ, преден дел на потклекнат бик, кон десно. Глава во 3/4 профил.[48]

Во литературата е споменат единствено наодот од околината на Берово,[49] а се работи за монета од типот под бр. 2.

Колекцијата шелдаров поседува една монета од типот под бр. 2 и две од типот под бр. 6.[50]

Збирката на Филозофскиот факултет не поседува монети на Архелај I.

---

[48] Н. шелдаров и В. ЛилчиЌ, Кралевите на Античка Македонија и нивните монети во Р. Македонија, Скопје 1994

[49] И. МикулчиЌ, Една нова остава на тетрадрахми и преглед на монетните наоди од V-II век ст. е. во Македонија, ГЗФФ 2 (28), кн. 25, Скопје 1973

[50] Н. шелдаров, Скопје 2003

## **Аероп II** (398/7-395/4 г.)

Тој ковал сребрени статери, но и поситни номинали, 1/10 и 1/12 од статер. Овие монети уште се познати како обол и половина обол. Монетни типови:

Сребрени монети

- Статер

1. Ав. Глава на момче со дијадема кон десно. Рв. АЕРОПО, во вдлабен квадрат со фигура на коњ со крената лева нога, кон десно;




- 1/10 Статер

2. Ав. Глава на брадест Херакле наметнат со лавовска кожа, кон десно. Рв. АЕРО, преден дел на волк, горе суровица;

3. Ав. Десен профил на Аполон со тенија во косата. Рв. АЕРО, протом на волк во вдлабен квадрат кон десно;

- 1/12 Статер

4. Ав. Како под бр. 2. Рв. АЕРО, протом на волк, суровица;

- 1/24 Статер

5. Ав. Глава на млад Херакле наметнат со лавовска кожа. Рв. АЕРО, глава на волк, суровица;

Бронзени монети

6. Ав. Глава на момче со каусија. Рв. АЕРОПО, во вдлабен квадрат протом на лав во скок со отворена челуст;

7. Ав. Како под бр. 6. Рв. АЕРОПО, протом на лав кој раскинува плен, кон десно;



8. Ав. Глава на момче со каусија врзана за тилот. Рв. , коњ кон десно;



9. Ав. Профил на момче со каусија. Рв. АЕРОПО, коњ кон десно.[51]

Од овој владетел, позната е една бронзена монета од типот бр. 6 откриена на Вардарски Рид (приватна сопственост).

Колекцијата шелдаров поседува една монета од типот поф бр. 7.[52]

Збирката на Филозофскиот факултет не поседува монети на Аероп II.

**Аминта II** (394/3 г.)

Исковал сребрени статери и бронзени монети. Монетни типови на Аминта II:

[51] Н. шелдаров и В. ЛилчиЌ, Кралевите на Античка Македонија и нивните монети во Р. Македонија, Скопје 1994

[52] Н. шелдаров, Скопје 2003

Сребрени монети

- Статер

1. Ав. Профил на момче со дијадема кон десно. Рв. AMYNTA во вдлабен квадрат во кој стои коњ со дигната предна лева нога;

- Хемиобол

2. Ав. Профил на момче кон десно. Рв. Протом на волк;

Бронзени монети

3. Ав. Профил на Пан кон десно. Рв. AMYNTA, протом на волк кој неШто гризе, кон десно;

4. Ав. Како под бр. 2. Рв. AMYNTA, протом на волк кон лево;

5. Ав. Профил на момче кон десно. Рв. AMYNTA, коринтски Шлем.[53]



Не се познати наоди на неговите монети во Р. Македонија.

**Павсаниј** (394/3 г.)

За разлика од Аминта II, Павсаниј ковал и сребрени монети со помали номинални вредности, драхма и полудрахма. Монетни типови:

---

[53] Н. шелдаров и В. ЛилчиЌ, Кралевите на Античка Македонија и нивните монети во Р. Македонија, Скопје 1994

Сребрени монети

- Статер

1. Ав. Профил на момче (Аполон?) со дијадема кон десно. Рв. ΠΑΥΣΑΝΙΑ, во вдлабен квадрат коњ со дигната лева нога;



2. Ав. Како под бр. 1. Рв. ΠΑΥΣΑΝΙΑ, во вдлабен квадрат коњ кој мирно стои;



- Драхма

1. Ав. Коњ во од кон десно. Рв. ΠΑΥΣΑΝΙΑ, протом на лав со отворена челуст кон десно;

- Хемидрахма

4. Ав. Протом на коњ кон десно. Рв. ΠΑΥΣ, коринтски Шлем со перјаница;

Бронзени монети

5. Ав. Глава на момче (Аполон?) со дијадема кон десно. Рв. ΠΑΥ-ΣΑΝΙ, преден дел на лав, кој лежи со испружени предни нозе;



6. Ав. Како под бр. 5. Рв. ΠΑΥΣΑΝΙΑ, преден дел на вепар.



7.Како под бр. 6, само Што главата на момчето на аверсот е помала и е во круг од точки.[54]

Во литературата е познат еден примерок од типот бр. 5, евидентиран во Колекцијата ш елдаров.[55]

Збирката на Филозофскиот факултет не поседува монети на Павсаниј.

**Аминта III** (394/3-393/2;392/1-370/69 г.)

Монетни типови:

Сребрени монети

- Статер

1. (I период) Ав. Профил на брадест Херакле со лавовска кожа кон десно. Рв. ΑΜΥΝΤΑ, коњ кој мирно стои кон десно во вдлабен квадрат;

[54] Н. ш елдаров и В. ЛилчиЌ, Кралевите на Античка Македонија и нивните монети во Р. Македонија, Скопје 1994
[55] Н. ш елдаров, Скопје 2003



2. (II период) Ав. Коњаник со каусија, хитон и хламида. Во десната издигната рака држи копје, а во левата уздите на коњот. Коњот е во трк кон десно, над задниот дел керикеион. Рв. AMYNTA, лав во од кон лево. Во челуста носи скрШено копје;

- Хемидрахма

3. (I период) Ав. Профил на младиот Херакле со лавовска кожа кон десно. Рв. AMYNTA, во вдлабен квадрат, орел кој мирно стои;



Бронзени монети

4. (II период) Ав. Профил на младиот Херакле со лавовска кожа кон десно. Рв. AMYNTA, орел со змија во своите канџи, кон десно;



5. Ав. Профил на момче кон десно. Рв. AMYNTA, Шлем;

6. Ав. Профил на Пан кон десно. Рв. AMYNTA, протом на волк;

7. Ав. Како под бр. 4. Рв. AMYNTA, суровица;

8. (I период) Ав. Профил на брадест Херакле со лавовска кожа кон десно. Рв. AMYNTA, протом на вепар, суровица;



9. (II период) Ав. Како под бр. 4. Рв. AMYNTA, вкрстени лак и суровица.[56]

Од монетите на Аминта III евидентирани се две сребрени монети - статери од типот бр. 1 од околината на прилепското село Бонче.[57] Двете се наоЃаат во АрхеолоШкиот музеј во Скопје. Два примероци од истиот тип се чуваат во збирката на Завод и Музеј - Прилеп. Едниот е пронајден во околината на Бонче, а другиот од непознат локалитет од околината на Прилеп.[58] Истиот тип е евидентиран и на локалитетот "Исар" Марвинци.[59] Колекцијата ш елдаров поседува два примероци од истиот тип. И збирката на Филозофски факултет поседува еден примерок од истиот тип, пронајден кај с. Локвени.

Од сребрените полудрахми, тип бр. 3, еден примерок е регистриран во ископувањето на "Исар" Марвинци[60] и еден примерок поседува колекцијата ш елдаров.[61]

Од бронзените монети регистриран е типот под бр. 4 од локалитетот "Исар" Марвинци. Пет примероци се евидентирани кај Б. Хусеиновски.[62] Монети

---

[56] Н. ш елдаров и В. ЛилчиЌ, Кралевите на Античка Македонија и нивните монети во Р. Македонија, Скопје 1994

[57] И. МикулчиЌ, Скопје 1973

[58] К. Кепески, Автономни монети на македонските градови од збирката на прилепскиот музеј, МАА 9, Скопје 1988

[59] В. Соколовска, Скопје 1986

[60] В. Соколовска, Скопје 1986

[61] Н. ш елдаров, Скопје 2003

[62] Б. Хусеиновски, Гевгелија 2004

од истиот тип поседува и збирката на Филозофскиот факултет (еден примерок), како и онаа на шелдаров (два примероци). Колекцијата шелдаров поседува уШте еден примерок од типот бр. 8.

**Александар II** (370/69-368 г.)

Бронзени монети:

1. Ав. Профил на брадест Херакле со лавовска кожа кон десно. Рв. ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ, човек во двоколка;
2. Ав. Профил на момче со дијадема кон десно, во точкаст круг. Рв. ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ, коњаник во трк кон лево;
3. Ав. Како под бр. 2. Рв. ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ, коњ во трк кон десно;
4. Ав. Како под бр. 2. Рв. ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ, коњаник во трк кон десно.[63]

Во Р. Македонија не се регистрирани монети на Александар II.

**Пердика III** (365-350 г.)

Монетоковањето на Пердика III не носи ниШто ново во македонската кралска иконографија. Познати се неговите сребрени статери, како и бронзени монети. Монетни типови:

---

[63] Н. шелдаров и В. ЛилчиЌ, Кралевите на Античка Македонија и нивните монети во Р. Македонија, Скопје 1994

Сребрени монети

- Статер

1. Ав. Профил на младиот Херакле со лавовска кожа. Рв. ΠΕΡΔΙΚΚΑ, коњ во од кон десно, суровица;



Бронзени монети

2. Ав. Профил на младиот Херакле со лавовска кожа кон десно. Рв. ΠΕΡΔΙΚΚΑ, лав во од кон десно, во устата држи скрШено копје;



3. Ав. Како под бр. 2. Рв. ΠΕΡΔΙΚΚΑ, бик кон десно;

4. Ав. Како под бр. 2. Рв. ΠΕΡΔΙΚΚΑ, орел стои мирно кон лево, со главата свртена кон десно.[64]

И. МикулчиЌ забележал две бронзени монети од типот бр. 4, на два локалитети во битолскиот крај. Колекцијата ш елдаров поседува една монета од типот бр. 2.[65]

Збирката на Филозофскиот факултет не поседува монети на Пердика III.

---

64 Н. ш елдаров и В. ЛилчиЌ, Кралевите на Античка Македонија и нивните монети во Р. Македонија, Скопје 1994

65 Н. ш елдаров, Скопје 2003

## **Филип II** (359-336 г.)

ВеднаШ по доаЃањето на власт, Филип II направил големи финансиски реформи. Во 357 г. пр. н.е. воспоставил контрола над Амфипол, со Што му станале достапни богатите рудници на злато и сребро во областа Пангеј. Во 356 г. пр. н.е. завладеал со територии на Исток, вклучувајЌи ја и областа околу селото Кренида, каде Што била експлоатирана златна руда. Таму ковал златни, сребрени и бронзени монети со името на градот (Филипи), додека сребрените и златни монети со името на Филип II биле ковани во Пела и Амфипол.

Филип II своето монетоковање го започнал со впечатливи тетрадрахми, по теШкиот паричен систем (14.52 гр.) кои го користеле неговите претходници, Александар I и Пердика II. Сребрени номинали: тетрадрахми, дидрахми, драхми, хемидрахми (1/2 драхми), тетроболи (1/5 тетрадрахми), диоболи (1/10 тетрадрахми) и оболи.

Освен Што биле ковани по новиот систем, на тетрадрахмите се воведени и нови иконографски претстави, глава на Зевс со ловоров венец на аверсот.

Реверсот е поделен во две групи. На првата (359-348 г.), претставен е коњаник со каусија, поздравува со десната рака, за кого се претпоставува дека е претставен Филип II како војсководец-победник, кој го поздравува македонскиот народ.

На втората серија (348-329 г.) на реверсот е претставен гол јавач на коњ во од, кој во едната рака држи палмова гранка, а во другата уздите на коњот.

Во првата серија "Коњаник со каусија", коњаникот секогаШ е свртен кон лево, додека во втората, "Гол коњаник", кон десно.[66]

Дидрахмите, драхмите и хемидрахмите се повторуваат на реверсот во двете варијанти на коњаникот, но познати се мал број примероци. Во големи количества биле ковани 1/5 тетрадрахми од типот "Глава на Аполон со тенија/Коњаник", од кои се познати и постхумни серии. Од овој номинал познат е и еден редок тип, искован во ковницата во Амфипол, со глава на Артемида на

[66] G. Le Rider, Le Monnayage d'argent et d'or de Philippe II, frappé en Macédonie de 359 a 294, Paris 1977

аверсот, Што за прв пат се сретнува кај македонското кралско монетоковање. Се претпоставува дека тоа е Артемида Таврополос, која била богиња на тој град.

На најмалите номинали на сребрените монети, на реверсот, Филип II ги користи претставите на своите претходници: лак и суровица, глава на коњ и протом на коњ.

Ковањето на тетрадрамите и сребрените фракции продолжило и по смртта на Филип II. Тетрадрахмата од типот "Гол коњаник со палмова гранка", повторно била кована и по смртта на Александар Велики во ковниците во Пела и Амфипол, се до 294/90 г. пр. н.е. кога Деметриј I Полиоркет го прекинал.[67]

Своите златни монети Филип II започнал да ги кова во втората половина од своето владеење. Околу 345 г. пр. н.е., за првпат во македонската монетна историја, ги пуШтил на пазарот своите златни емиисии на монети, ковани по атичкиот паричен систем. Еден статер (8,64 гр.) бил приближно еднаков на 8 тетрадрахми.[68]

Номиналите од злато се: статери, хемистатери (1/2 статер), 1/4 статер, 1/8 статер и 1/12 статер.

На аверсот на статерите е претставена глава на Аполон со ловоров венец, додека на реверсот, двоколка-бига со кочијаШ. Се чини, Аполон е претставен на аверсот, заради поврзаноста со светилиШтето во Делфи, со чија област владеел во 346 г. пр. н.е., додека кочијата н□ потсетува за успесите Што ги имал на Олимписките игри. Кај некои постхумни емисии, ковани во М. Азија, некои автори забележуваат дека главата на Аполон носи црти на Александар Велики[69], други сметаат пак, дека кочијаШот е всуШност богинката на победата - Нике.[70] Ретки се статерите на кои главата на Аполон е свртена кон лево.

Останатите номинали имаат неколку реверсни типови: 1/2 статер - протом на лав, 1/4 - лак и суровица, трозабец, амфора, 1/8 и 1/12 статер - молња.

---

[67] G. Le Rider, Les deux monnaies macédoniennes des années 323-294/290, BCH 117 1993
[68] M. Price, The coinage in the name of Alexander the Great and Philip Arrhidaeus, London 1991
[69] M. Tompson, Postumous Philip II staters of Asia Minor, Studia Paulo Naster Oblata I, OLA 12, Leuven 1982
[70] O. Mørkholm, Early hellenistic coinage: from accession of Alexander to the peace of Apamea (336-186 B.C.), Cambridge 1991

За разлика од сребрените, голем дел од златните монети се постхумни. Ковницата во Амфипол ковала златни монети со имено на Филип до околу 315 г. пр. н.е., а во Пела до околу 310 г. пр. н.е. Некои автори сметаат дека златните статери на Филип II се коваат до 329/8 г., во првите години од владеењето на Александар Велики, кога постоела политичка нестабилност во периодот на качувањето на престол на младиот Александар.[71] Се чини дека ковањето на постхумни златни статери во времето на Александар Велики е политичка, за враЌање на стари долгови кои ги направил Филип за да ја реформира својата војска и флота, спремајЌи се за воен поход против Персија. Неговата смрт во 336 г. пр. н.е. го спречила во враЌањето. Се претпоставува дека долговите изнесувале околу 500 таланти, кои Александар, само за две години, успеал да врати 200 (околу 50.000 златни статери).[72] Ковањето на зланите статери продолжило и во времето на Филип III Аридеј (323-317 г.), но и по неговата смрт (315 г. Амфипол и 310 г. Пела).

Во почетокот на III век пр. н.е. се појавиле првите имитации на тетрадрахми на Балканскиот Полуостров, наречени “келтски имитации”. Нив ги ковале племињата околу Дунав.

На аверсот на бронзените монети е претставена глава на Аполон со тенија, а на реверсот коњаник во две варијанти: коњаник со каусија, поздравува со ендата рака и гол коњаник со тенија со палмова гранка во раката. Овие монетни типови се најпопуларни на Балканскиот Полуостов, анекои од нив и позлатени. Следуваат два ретки типови ковани во бронза. На првиот, на аверсот е претставен Херакле во лавовска кожа, а на реверсот коњаник со високо подигната рака над главата. Другиот тип на реверсот има претстава коњ во трк кон десно. Примероците со натпис ΦΙΛΙΠΠΟΥ се исклучително ретки, но би можеле да се препиШат и на Филип III Аридеј.

На реверсот на сите типови на монети на Филип II од злато, сребро и бронза, се изгравирани разни видови на симболи и монограми, со кои се

[71] G. Le Rider, Le Monnayage d’argent et d’or de Philippe II, frappé en Macédonie de 359 a 294, Paris 1977
[72] I. Carradice/ M. Price, Coinage in the Greek world, London 1988

означени одделни емисии и кои ја олеснуваат работата на современите истражувачи.[73] Монетни типови:

Златни монети

- Дистатер

1. Ав. Профил на Аполон со ловоров венец кон десно. Рв. ΦΙΛΙΠΠΟΥ, двоколка-бига кон десно;



- Статер

2. Ав. Профил на Аполон со ловоров венец кон лево, многу ретко кон десно. Рв. ΦΙΛΙΠΠΟΥ, двоколка-бига кон десно;



- 1/2 Статер

3. Ав. Глава на млад Херакле во лавовска кожа, кон десно. Рв. ΦΙΛΙΠΠΟΥ, преден дел од лав кон десно, долу кантарос или тридент;

[73] Д. Драганов, Монетите на македонските царе, Част I, □мбол 2000



- 1/4 Статер

4. Ав. Како под бр. 2. Рв. ΦΙΛΙΠΠΟΥ, горе лак, долу суровица или трудент;



5. Како под бр. 4, но без трудент, со кантарос или молња над лакот, додека натписот е долу;



- 1/8 Статер

6. Ав. Како под бр. 2. Рв. ΦΙΛΙΠΠΟΥ во два реда, молња во средина;
7. Ав. Како под бр. 2. Рв. ΦΙΛΙΠΠΟΥ лево и десно, кантарос во средина;
8. Ав. Како под бр. 2. Рв. ΦΙΛΙΠΠΟΥ, трудент;
9. Ав. Како под бр. 2. Рв. ΦΙΛΙΠΠΟΥ лево и десно, суровиица во средина;

- 1/12 Статер

10. Ав. Глава на Аполон кон десно. Рв. ΦΙΛΙΠΠΟΥ, глава на лав, горе молња;

Сребрени монети

- Тетрадрахми

11. Ав. Глава на Зевс со ловоров венец кон десно, поретко кон лево. Рв. ΦΙΛΙΠΠΟΥ, коњаник со куса хламида во од кон лево. Со едната рака ги држи уздите на коњот, а со другата отпоздравува;



12. Ав. Како под бр. 11. Рв. ΦΙΛΙΠΠΟΥ, гол коњаник во од кон десно. Со едната рака ги држи уздите на коњот, а со дугата палмова гранка;



13. Ав. Како под бр. 10. Рв. Како под бр. 11, под коњот буквите Λ.Ι.Τ., кои укажуваат на постхумна едиција;

- Дидрахма

14. Ав. Глава на млад Херакле во лавовска кожа, кон десно. Рв. ΦΙΛΙΠΠΟΥ, гол коњаник во од кон десно. Со едната рака ги држи уздите на коњот, а со другата отпоздравува;



- Драхма

15. Ав. Глава на млад Херакле кон десно. Рв. ΦΙΛΙΠΠΟΥ, гол коњаник во од кон лево. Со едната рака ги држи уздите на коњот, а со другата отпоздравува;



- Тетробол

16. Ав. Глава на Аполон со тенија во косата, кон десно. Рв. ΦΙΛΙΠΠΟΥ, коњаник во трк кон десно, суровица под коњот;



17. Ав. Глава на Артемида. Рв. ΦΙΛΙΠΠΟΥ, гол коњаник во од кон десно. Со едната рака ги држи уздите на коњот, а со другата палмова гранка;

18. Ав. Профил на младо момче со тенија во косата, кон десно. Рв. ΦΙΛΙΠΠΟΥ, гол коњаник кон десно;



- Диобол

19. Ав. Глава на Аполон со тенија во косата, во точкаст круг кон десно. Рв. ФΙΛΙΠΠΟΥ, глава на коњ;



20. Ав. Како под бр. 18. Рв. ФΙΛΙΠΠΟΥ, глава и врат на зауздан коњ;



Бронзени монети

21. Ав. Проофил на момче со тенија во косата. Рв. ФΙΛΙΠΠΟΥ, коњаник со каусија кон десно;



22. Ав. Глава на Аполон со тенија во косата кон десно. Рв. ФΙΛΙΠΠΟΥ, коњаник во трк кон десно;



23. Ав. Глава на Аполон со тенија во косата, кон лево. Рв. Како под бр. 22;



24. Ав. Како под бр. 23. Рв. ΦΙΛΙΠΠΟΥ, коњаник во трк кон лево;

25. Ав. Како под бр. 22. Рв. Како под бр. 24;

26. Ав. Глава на млад Херакле кон десно. Рв. ΦΙΛΙΠΠΟΥ, коњаник во трк кон десно;

27. Ав. Глава на млад Херакле кон лево. Рв. Како под бр. 26;

28. Ав. Како под бр. 26. Рв. Како под бр. 24;

29. Ав. Како под бр. 26. Рв. ΦΙΛΙΠΠΟΥ во два реда, суровица во средина;



30. Ав. Како под бр. 27. Рв. ΦΙΛΙΠΠΟΥ во два реда, молња во средина;

31. Ав. Како под бр. 24. Рв. ΦΙΛΙΠΠΟΥ во два реда, молња во средина;

32. Ав. Како под бр. 24. Рв. ΦΙΛΙΠΠΟΥ, коњ во трк кон десно;



33. Ав. Како под бр. 26. Рв. ФІΛІППОY, коњаник во трк кон десно.[74]

Златните статери од типот бр. 2 биле откриени на два непознати локалиети кај пелагонските села Загорани и Селце.[75] Колекцијата шелдаров поседува еден златен од типот бр. 2 и еден 1/8 статер од типот бр. 8.[76]

Од сребрените тетрадрахми познат е типот под бр. 12, откриени на неколку локалитети во прилепско[77] и уШте две од непознат локалитет се чуваат во АрхеолоШкиот музеј во Скопје.[78] Еден примерок поседува збирката на музејот во Охрид[79] и еден примерок Колекцијата Попов - Виница, откриена на непознат локалитет во околината на градот.[80] Во Колекцијата шелдаров се евидентирани Шест примероци од типот бр. 12 и седум од типот бр. 16.[81]

Бронзените монети се откриени во поголем број. Најзастапен е типот бр. 22.[82][83][84] Од истиот тип, колекцијата шелдаров поседува дванаесет примероци, тринаесет од типот бр. 21, две од типот бр. 24, две од типот бр. 23, две од типот бр. 25, две од типот бр. 26, една од типот бр. 27, Шест од типот бр. 29 и една од типот под бр. 30.[85] Кај Б. Хусеиновски евидентиран е еден примерок од типот бр. 28, Шест од типот бр. 26 и осум од типот бр. 23.[86] Збирката на Филозофски факултет поседува девет монети од типот бр. 22, една од типот бр. 23, три од типот бр. 24, една од типот бр. 25, четири од типот бр. 29.

---

[74] Н. шелдаров и В. ЛилчиЌ, Кралевите на античка Македонија и нивните монети во Р. Македонија, Скопје 1994
[75] И. МикулчиЌ, Скопје 1973
[76] Н. шелдаров, Скопје 2003
[77] И. МикулчиЌ, Скопје 1973
[78] В. Соколовска, Од нумизматичката збирка на археолоШкиот музеј во Скопје, Зборник А. М. кн. IV-V, Скопје 1966
[79] В. Битракова Грозданова, Монетите од античкиот период во збирката на Народниот музеј - Охрид, Зборник на трудови ЗЗСК кн. 5, Охрид 1983
[80] Ц. Крстевски и З. Белдедовски, Рекогносцирање и наоди околу Виница, МАА 7-8, Скопје 1987
[81] Н. шелдаров, Скопје 2003
[82] К. Кепески, Скопје 1988
[83] Е. Петрова, Грчко-македонски монети од археолоШките ископувања на локалитетот Исар-Марвинци (1977-1979), Зборник А.М. (1979-1982) кн. X-XI, Скопје 1983
[84] И. МикулчиЌ, Скопје 1973
[85] Н. шелдаров, Скопје 2003
[86] Б. Хусеиновски, Гевгелија 2004

## **Александар III Македонски** (336-323 г.)

Една од првите задачи на младиот македонски крал била да го унифицира тежинскиот стандард на златните и сребрените емисии. Имено, монетарниот систем на Филип II бил базиран на два одделни тежински стандарди: атичкиот - за златото и локалниот трако-македонски - за среброто. Александар Велики го вовел атичкиот монетен систем за златото и среброто, базиран на основните номинали: златен статер и сребрена тетрадрахма. Паралелно биле ковани и постхумните изданија на Филип II (со неговото име) со соодност, кој неШто по 336 г. пр. н.е., паднал на 10:1 (еден златен статер на Филип II бил еднаков на 6 сребрени тетрадрахми со името на Филип II), додека еден златен статер на Александар Велики бил еднаков на 5 негови тетрадрахми (20 драхми).[87]

Основниот Александров тип на злато е "Глава на Атина со коринтски Шлем/Исправена крилеста Нике, држи венец". оваа претстава е присутна и на други номинали, како дистатери, статери, 1/2 статери и некои 1/4 статери. Изборот на божестватанпри формирањето на дизајнот не е случаен. Претставата на богинката на мудроста Атина може да се гледа како гест на Александар кон атињаните. Требала да ја симболизира разумноста во кампањата за ослободување на грчките градови во М. Азија, окупирани од Персија. Најверојатно станува збор за Атина Промахос, Подигната на Атинскиот акропол.[88] Нике на реверсот ја претставува очекуваната победа.

На аверсот на помалите номинали од злато претставена е глава на Атина со коринтски Шлем, додека на реверсите, претставите се различни: 1/4 статер-лак и суровица и молња за 1/8 статер. Се смета дека фракциите од злато се едни од најраните изданија на ковниците во Пела, Лампсак, Милет и Сарди.[89]

Сребрените номинали на Александар Велики се: декадрахми, тетрадрахми, драхми и фракции. Основниот тип на тетрадрахмае Глава на голобрад Херакле во лавовска кожа/Зевс на трон, во едната рака држи скиптар,

[87] M. Price, The coinage in the name of Alexander the Great and Philip Arrhidaeus, London 1991
[88] O. Mørkholm, Early hellenistic coinage: from accession of Alexander to the peace of Apamea (336-186 B.C.), Cambridge 1991
[89] M. Price, The coinage in the name of Alexander the Great and Philip Arrhidaeus, London 1991

а во другата орел. Претставата на Херакле на аверсот на сребрените монети покажува предност во македонското кралско монетоковање, кој не бил користен само на монетите на Филип II, туку и на монетите на претходните македонски кралеви. што се однесува до фигурата на Зевс на трон, на реверсот на сребрените монети, покажува продолжување на иконографијата на Филип II, кој на неговите тетрадрахми ја претставувал главата на Зевс.

Кај оболите и 1/2 оболите, ковани на Исток, одново се претставени Зевс, Херакле и другите познати атрибути.

Значителен дел од бронзените монети се постхумни. Повеќето серии од типот Херакле/атрибути на Херакле, се ковани во Македонија и се најчесто се наоѓаат како колективен наод на целиот Балкански полуостров (доста често и со примероци на Филип II).

Сериите со монограм В А најверојатно започнуваат во последните две години од животот на Александар, кога титулата ΒΑΣΙΛΕΟΣ се појавува на тетрадрахмите. Основниот тип се ковани по 323 г. пр. н.е. во големи количества и се чести во Р. Македонија. Монетите со натпис ΒΑΣΙΛΕΟΣ се ковани во М. Азија по неговата смрт и најчесто се таму наоѓани.

За одбележување е редок бронзен тип, кован во Мемфис (Египет), по освојувањето на Египет во 332 г. пр. н.е. Претставен е единствениот монетен портрет (глава) на Александар Велики, со кожена персиска капа, карактеристична за песиските кралеви и сатрапи. [90]

По Влегувањето во Вавилон во 331 г. пр. н.е., Александар си додавал титули како, "крал на Азија", "крал на светот" итн. Кралската титулата ΒΑΣΙΛΕΟΣ се појавува на неговите монети помеѓу 325-323 г., прво како ретки примероци ковани во Вавилон, а потоа цели емисии ковани во М. Азија, Финикија и др. Со нив требале да се платат ветераните, кои во 324 г. пр. н.е. биле ослободени од служба.[91] Александар Велики бил првиот македонски крал кој ковал монети надвор од Македонија и Европа.

Имитациите на Александар Велики учествувале во монетната циркулација помеѓу 300-220 г. пр. н.е., биле ковани во различно време и во различни

[90] M. Price, The coinage in the name of Alexander the Great and Philip Arrhidaeus, London 1991
[91] M. Thompson, Paying the mercenaries – Studies in Honor of Leo Mildenberg, Wetteren 1984

географски региони. Тие вклучувале златни статери, тетрадрахми, драхми, бронзени монети и хибриди од типовите на Александар Велики и Филип II. Најчести се имитациите на сребрените монети на Александар, ковани во М. Азија. Познати се имитации на тетрадрахми, ковани во Александрија и на Арабејскиот полуостров.[92] Монетни типови:

Златни монети

- Дистатер

1. Ав. Глава на Атина со коринтски Шлем кон десно. Рв. ΑΛΕΞΑΝΔΡΟ, исправена крилеста Нике, во десната рака држи венец;



2. Како под бр. 1. Овој тип има разни монограми и иницијали според кои се определуваат ковниците;

3. Ав. Како под бр. 1. Рв. ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΑΛΕΣΑΝΔΡΟΥ, како под бр. 1;

- 1/2 Статер

4. Како под бр. 1;

[92] C. Arnold-Biucchi, Arabian Alexanders, Mnemata: Papers in memory of Nancy M. Waggoner, New York 1991

- 1/4 Статер

5. Ав. Како под бр. 1. Рв. ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ во средина, горе молња, долу лак и суровица;




6. Како под бр. 1;

- 1/8 Статер

7. Ав. Како под бр. 1. Рв. ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ, долу молња;

Сребрени монети

- Декадрахми

8. Ав. Глава на Херакле во лавовска кожа кон десно. Рв. ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ, Зевс седи на престол, со левата рака се држи за скиптар, во десната испружена држи орел;



- Тетрадрахми (17.15 гр.)

9. Како под бр. 8. На реверсот, под престолот или под нозете, забележливи се разни монограми и иницијали, според кои се определуваат ковниците;

10. Ав. Како под бр. 8. Рв. ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ, како под бр. 9;



- Тетрадрахми (14.7 гр.)

11. Ав. Глава на Зевс со ловоров венец кон десно. Рв. ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ, орел стои мирно на молња со главата свртена кон лево;

- Дидрахми

12. Како под бр. 9;

- Драхми

13. Како под бр. 9;

14. Ав. Како под бр. 9. Рв. ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ, орел стои мирно на молња;

15. Ав. Како под бр. 9. Рв. ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ, орел стои мирно на молња со главата свртена кон лево;

16. Ав. Како под бр. 9. Рв. Суровица, лак и корици за стрели;

- 1/2 Драхми

17. Како под бр. 9;

18. Ав. Како под бр. 9. Рв. Како под бр. 14

- Диобол

19. Ав. Како под бр. 9. Рв. ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ, два орли стојат еден спроти друг;

- Обол

20. Ав. Како под бр. 9. Рв. ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ во два реда, молња во средина;
21. Како под бр. 9;

- Хемиобол

22. Ав. Како под бр. 9. Рв. ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ, горе суровица, долу лак и корици за стрели;

Бронзени монети

23. Ав. Глава на млад Херакле со лавовска кожа кон десно. Рв. ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ, горе суровица, долу лак и корици за стрели;



24. Ав. Како под бр. 23. Рв. ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ, двоколка во трк кон десно. Долу натпис, пред коњите тридент;

25. Ав. Како под бр. 23. Рв. ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ, орел стои на молња со главата свртена кон лево;



26. Ав. Како под бр. 23. Рв. Монограм В А, горе лак со корици за стрели, долу суровица;



27. Ав. Како под бр. 23. Рв. ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ ΒΑΣΙΛΕΩΣ, долу лак со корици и суровица;

28. Ав. Како под бр. 23. Рв. ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ, исправена Нике со раШирени крилја;

29. Ав. Глава на момче со тенија во косата кон десно. Рв. ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ, коњ во трк кон десно;



30. Ав. Како под бр. 29. Рв. ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ во два реда, молња во средина;

31а. Ав. Како под бр. 23. Рв. ΑΛΕ, две легнати кози;

31б. Ав. Како под бр. 23. Рв. В А, коњаник во трк;

31в. Ав. Како под бр. 23. Рв. ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ, горе суровица, долу лак во корици;

32. Ав. Македонски Штит со молња во средината. Рв. В А, Шлем со перјаница.[93]

[93] Н. шелдаров и В. ЛилчиЌ, Кралевите на античка Македонија и нивните монети во Р. Македонија, Скопје 1994



Златните монети на Александар III, за разлика од истите на Филип II, во Р. Македонија се неШто побројни. Во литертурата познати се единечни наоди од топот бр. 2, пронајдени во центарот[94] и околината на Охрид,[95] Суводол-битолско,[96] од околината на Гевгелија, во АрхеолоШкиот музеј на Македонија,[97] како и еден примерок од Скупи кај Скопје во приватна колекција.[98]

Во рамките на трите познати колективни наоди од раното хеленистичко време, монетите на Александар III процентуално се најмногу застапени. Се работи за депоата од "ДолиШте", Прилепец (137 тетрадрахми),[99] "Говедаров Гроб" од с. Фурка (9 тетрадрахми и 7 драхми)[100] и малата остава од "Висок Рид", Букри - Д. Егри (5 тетрадрахми и 1 драхма).[101]

Голем број единечни наоди на тетрадрахми се евидентирани на територијата на Р. Македонија. Три примероци од околината на с. Прилепец,[102] пет тетрадрахми се наоЃаат во АрхеолоШкиот Музеј во Скопје,[103] пет примероци откупени од Битолскиот музеј,[104] потоа Гевгелија, Велес, Марвинци, Демир Капија, Кавадарци, Стоби[105] и еден примерок во музејот во Охрид.[106] Колекцијата ш елдаров поседува Шест примероци од овој тип на тетрадрахми (бр. 9).[107]

---

[94] В. Битракова Грозданова, Спомениците од хеленистичкиот период во С.Р. Македонија, Скопје 1987
[95] И. МикулчиЌ, Скопје 1973
[96] И. МикулчиЌ, Скопје 1973
[97] В. Соколовска, Скопје 1966
[98] И. МикулчиЌ, Скопје 1973
[99] D. Vucković Todorović, Ostava grčkog novca iz s. Prilepec kod Prilepa, Glasnik MKD, Skopje 1958
[100] Ѓ. Петачки, Хеленистички колективен наод со тетрадрахми од с. Фурка - Гевгелија, МНГ бр. 1, Скопје 1994. И. МикулчиЌ, Скопје 1973
[101] И. МикулчиЌ, Скопје 1973
[102] К. Кепески, Скопје 1988
[103] В. Соколовска, Скопје 1966
[104] И. МикулчиЌ, Скопје 1973
[105] В. Битракова Грозданова, Скопје 1987
[106] В. Битракова Грозданова, Охрид 1983
[107] Н. ш елдаров, Скопје 2003

Сребрените драхми од типот под бр. 13, се регистрирани на следните места: Шест примероци во А. Музеј во Скопје,[108] пет примероци во музејот во Прилеп,[109] една драхма во музејот во Охрид,[110] две драхми од “Исар” Марвинци.[111] Натаму, драхми од овој тип се откриени во околината Демир Хисар, Таор, две од околината на Куманово, две од Чепигово и една околината на Гевгелија.[112] Збирката на ФЗФ поседува два примероци од овој тип.

Помали сребрени номинали не се регистрирани во Р. Македонија.

Бронзените монети се застапени со следните типови.

Типот бр. 23 е застапен со два примероци од локалитетот “Старо Бонче”, с. Бонче,[113] четири од “Исар” Марвинци[114] и еден примерок од непознат локалитет во А. М. во Скопје.[115] Кај Б Хусеиновски евидентирани се четири примероци,[116] додека К. шелдаров поседува петнаесет примероци од овој тип. Типот бр. 25 е застапен со три примероци.[117] Збирката на ФЗФ поседува четири примероци од овој тип.

Типот бр. 26 е застапен со четири примероци во музејот во Прилеп,[118] додека два Се чуваат во А. М. во Скопје.[119] Овој тип, кај Б. Хусеиновски е застапен со девет примероци,[120] а кај шелдаров со четиринаесет.[121] Збирката на ФЗФ поседува четири примероци од овој тип.

Типот бр. 29 е застапен со дванаесет примероци од околината на Прилеп,[122] еден примерок во музејот во Охрид,[123] три од “Исар” Марвинци[124] и три

[108] В. Соколовска, Скопје 1966
[109] К. Кепески, Скопје 1988
[110] В. Битракова Грозданова, Охрид 1983
[111] В. Соколовска, Скопје 1986
[112] И. МикулчиЌ, Скопје 1973
[113] К. Кепески, Скопје 1988
[114] Е. Петрова, Скопје 1983
[115] В. Соколовска, Скопје 1966
[116] Б. Хусеиновски, Гевгелија 2004
[117] Н. шелдаров, Скопје 2003
[118] К. Кепески, Скопје 1988
[119] В. Соколовска, Скопје 1966
[120] Б. Хусеиновски, Гевгелија 2004
[121] Н. шелдаров, Скопје 2003
[122] К. Кепески, Скопје 1988
[123] В. Битракова Грозданова, Охрид 1983
[124] Е. Петрова, Скопје 1983

примероци во А. М. во Скопје.[125] Овој тип, кај Б. Хусеиновски е застапен со три примероци.[126] Кај шелдаров е застапен со Шеснаесет примероци.[127] Збирката на ФЗФ поседува дванаесет примероци од овој тип.

Типот бр. 32, со по еден примерок, е застапен во музејот во Прилеп,[128] А. М. Скопје[129] и музејот во Охрид.[130] Со по пет примероци, овој тип е застапен кај Б. Хусеиновски[131] и Н. шелдаров.[132] Збирката на ФЗФ поседува еден примерок од овој тип.

**Филип III Аридеј** (323-317 г.)

Поголемиот дел од ковниците на Александар Велики продолжиле со работа и во времето на Филип III. Некои од нив ковале монети само со името на Александар III (Тарс, Аке), други ковале, и со името на Алексадар III, и со името на новиот крал Филип III (Вавилон, Суза, Сидон, Арадус и др.), како и оние ковници за драхми од М. Азија (Лампсак, Абидос, Колофон, Магнезија, Сарди и Теос). Интересно е ковницата во Милет, која кова разни емисии со името на Александар, кова само бронзени монети со името на Филип III.

Голем број ковници биле затворени во периодот 3230319/8 г., Сиде, Мириандар во М. Азија; Дамаск и Библос во Сирија; како и сите кипарски освен Саламин. Милетската ковница престанала со работа околу 300 г. пр. н.е., а онаа во Сарди била привремено затворена. Во Европа, само Пела и Сикион ковале сребрени монети за новиот крал.

Отворени биле нови ковници во Сикион (Грција); Лапетус, Мариум и Соли (Кипар); Колофон и Теос (М. Азија); Беритус (Финикија), кои, повеЌето од нив,

[125] В. Соколовска, Скопје 1966
[126] Б. Хусеиновски, Гевгелија 2004
[127] Н. шелдаров, Скопје 2003
[128] К. Кепески, Скопје 1988
[129] В. Соколовска, Скопје 1966
[130] В. Битракова Грозданова, Охрид 1983
[131] Б. Хусеиновски, Гевгелија 2004
[132] Н. шелдаров, Скопје 2003

коваат монети со името на Александар, а само мал дел од нив со името на Филип III.[133]

Златните статери на Филип III се од типот "Глава на Атина/Нике", а се разликуваат од оние на Александар само по натписот ΦΙΛΙΠΠΟΥ, кој укажува на новиот крал.

Голем дел од ковниците, во времето на Александар Велики, околу 323 г. пр. н.е., ковале златни статери со името на Филип III Аридеј. Тоа биле ковниците во Лампсак, Абидос, Магнезија и Сарди во М Азија, потоа Арадус и Сидон во Сирија и Финикија и во Вавилон и Суза на Исток. Во Македонија не биле ковани статери со името на Филип III.

Сребрените монети, тетрадрахми, драхми и фракции, со името на Филип III, се исто така до александров тип (Глава на Херакле со лавовска кожа/Зевс на престол), со титула ΒΑΣΙΛΕΩΣ. Во Македонија, за него, кова само Пела и тоа сребрени тетрадрахми. Многу поактивни се ковниците во Вавилон, Суза и Екбатана. Малоазиските ковници продолжуваат да коваат златни статери и драхми (некои од нив и тетрадрахми) со натпис ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ, додека оние од истокот, Сирија и Феникија коваат тетрадрахми со името на Филип III. Ковницата во Маратус, кова постхумни монети со печатот на Филип III Аридеј се до 301 г. пр. н.е. кога паЃа под власт на Селеук I.[134]

Сребрените тетрадрахми со натпис ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΦΙΛΙΠΠΟΥ и драхмите со натпис ΦΙΛΙΠΠΟΥ, од александров тип, на Филип III се едни од најимитираните типови на монети во античкото монетоковање. Монетни типови:

Златни монети

- Статер

1. Ав. Глава на Атина со коринтски Шлем кон десно. Рв. ΦΙΛΙΠΠΟΥ, исправена крилеста Нике, во десната рака држи венец, разни иницијали и монограми;

[133] Д. Драганов, Монетите на македонските царе, Част II, □мбол 2001
[134] M. Price, The coinage in the name of Alexander the Great and Philip Arrhidaeus, London 1991



2. Ав. Како под бр. 1. Рв. ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΦΙΛΙΠΠΟΥ;



3. Ав. Профил на Аполон кон десно. Рв. Двоколка со натпис ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΦΙΛΙΠΠΟΥ;



Сребрени монети

- Тетрадрахми

4. Ав. Глава на млад Херакле со лавовска кожа. Рв. ΦΙΛΙΠΠΟΥ, Зевс седи на престол, со левата рака се држи за скиптар, во десната испружена држи орел;



5. Како под бр. 4 со натпис ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΦΙΛΙΠΠΟΥ;



- Драхми

6. Како под бр. 4;

- Хемидрахми

7. Како под бр. 4;

Бронзени монети

8. Ав. Глава на млад Херакле со лавовска кожа кон десно. Рв. ΦΙΛΙΠΠΟΥ, Зевс седи на престол, со левата рака се држи за скиптар, во десната испружена држи орел;



9. Ав. Како под бр. 4. Рв. ΦΙΛΙΠΠΟΥ во средина, горе лак со корици, долу суровица и керикеион;



10. Ав. Профил на Аполон кон десно. Рв. ΦΙΛΙΠΠΟΥ или ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΦΙΛΙΠΠΟΥ, коњаник во трк кон десно.[135]



Познати се два примероци до златните статери од типот 1 и 2, денес во А. М. во Скопје. Едниот потекнива од селото Долно Нерези, а вториот од непознат локалитет.[136]

Десетина примероци од сребрените тетрадрахми од двата типа се откриени во споменатото депо од Прилепец и единечен наод од непознат локалитет, денес во А. М. во Скопје.[137] Една драхма од типот бр. 6 бела пронајдена во споменатото депо од Букри, Долно Егри.

Бронзена монета од типот бр. 8, откриена во ВароЩ се чува во музејот во Прилеп,[138] уШте две се евидентирани од селата Беранци и ГраиШте.[139]

Колекцијата ш елдаров поседува една монета од типот бр. 8.[140]

Збирката на ФЗФ не поседува монети од Филип III Аридеј.

## **Александар IV** (323-309 г.)

За време на своето кратко владеење Александар IV успеал да искова свои монети. Типовите биле оние на Александар Велики. Монетни типови:

---

[135] Н. ш елдаров и В. ЛилчиЌ, Кралевите на античка Македонија и нивните монети во Р. Македонија, Скопје 1994

[136] И. МикулчиЌ, Скопје 1973; В. Соколовска, Скопје 1966

[137] В. Соколовска, Скопје 1966

[138] К. Кепески, Скопје 1988

[139] И. МикулчиЌ, Скопје 1973

[140] Н. ш елдаров, Скопје 2003

Сребрени монети

- Хемидрахми

1. Ав. Глава на млад Херакле кон десно. Рв. ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ, коњаник во трк кон десно;

Бронзени монети

2. Ав. Глава на млад Херакле кон десно. Рв. Монограм Β Α меЃу буквите молња, горе суровица, долу лак и корици за стрели;

3. Ав. Како под бр. 2. Рв. ΒΑΣΙΛΕΩΣ, горе корици за стрели, долу суровица;

4. Ав. Глава на Аполон со дијадема во косата, кон десно. Рв. Коњаник во трк кон десно, под него ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ;

5. Ав. Македонски Штит со главата на Горгона Медуза en face. Рв. Β Α, македонски Шлем;

6. Ав. Македонски Штит во средина вкрстени линии. Рв. ΒΑ ΣΙ, македонски Шлем.[141]

Забележани се три примероци од монетите на Александар IV, еден од типот бр. 2 од околината на Велес и два од селата РапеШ и ГраиШте.[142]

Збирката на ФЗФ не поседува монети на Александар IV.

**Касандар** (316-297 г.)

Не се познати златни и сребрени монети со името на Касандар. Во негово време, во ковницата во Амфипол, продолжуваат да се коваат тетрадрахмите на Филип II и Александар Велики со монограмот Λ во различни варијанти.

---

[141] Н. шелдаров и В. ЛилчиЌ, Кралевите на античка Македонија и нивните монети во Р. Македонија, Скопје 1994

[142] И. МикулчиЌ, Скопје 1973

Касандар го ставил своето име само на неколку типови бронзени монети и најверојатно, ниту една не е кована во Амфипол. Се претпоставува дека неговите бронзени емисии се ковани во Пела.

Неговиот најран тип, “Глава на Херакле/легнат лав” и натпис ΚΑΣΣΑΝΔΡΟΥ е искован во периодот 310- 305 г. пр. н.е.[143]

На другите типови, ковани по 306/5 г., па се до неговата смрт во 297 г. пр. н.е., освен името е додадена и титулата ΒΑΣΙΛΕΩΣ.

Касандар има два типа со претстави на лав на реверсот. Поранииот е легнат со исправена глава и претставува новост во македонската кралска иконографија и подоцниот, на кој лавот е во од кон десно или лево. Втората претставе е многу блиска до онаа на Пердика III, лав на десно.[144]

Врз основа на иконографијата и стилот помеѓу одделните типови на Касандар, се чини, сите бронзени монети се ковани во Пела. Монетни типови:

Бронзени монети

1. Ав. Глава на млад Херакле кон десно. Рв. ΚΑΣΣΑΝΔΡΟΥ, легнат лав со кренат глава;



2. Ав. Како под бр. 1. Рв. ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΚΑΣΣΑΝΔΡΟΥ, лав кон лево раскинува копје;



143 O. Mørkholm, Early hellenistic coinage: from accession of Alexander to the peace of Apamea (336-186 B.C.), Cambridge 1991

144 C. Ehrhardt, The coin of Cassander, ANS-JNFA vol 2, New York 1973

3. Ав. Како под бр. 1. Рв. ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΚΑΣΣΑΝΔΡΟΥ, коњаник во од кон десно. Со едната рака ги држи уздите на коњот, со другата отпоздравува. Пред коњот ѕвезда со 8 краци;



4. Ав. Како под бр. 1. Рв. ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΚΑΣΣΑΝΔΡΟΥ, лак со корици и суровица;



5. Ав. шлем. Рв. ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΚΑΣΣΑΝΔΡΟΥ во два реда, во средина копје;



6. Ав. шлем. Рв. ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΚΑΣΣΑΝΔΡΟΥ во два реда, во средина суровица;

7. Ав. Глава на Атина со Шлем кон десно. Рв. ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΚΑΣΣΑΝΔΡΟΥ, лак со корици и суровица;

8. Ав. Глава на Атина со Шлем кон десно. Рв. ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΚΑΣΣΑΝΔΡΟΥ, горе корици, долу суровица;

9. Ав. Глава на Аполон со ловоров венец кон десно. Рв. ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΚΑΣΣΑΝΔΡΟΥ, триножник.[145]

---

[145] Н. шелдаров и В. ЛилчиЌ, Кралевите на античка Македонија и нивните монети во Р. Македонија, Скопје 1994



Од монетите на Касандар во Р. Македонија, евидентирани се два примероци од типот бр. 1 во музејот во Охрид[146] и четиринаесет (од истиот тип) во музејот во Прилеп, со потекло од околината на Прилеп.[147] Потоа, две монети од “Исар Марвинци”[148] и една монета од непознат локалитет, во А. М. во Скопје.[149]

Во колекцијата ш елдаров, евидентирани се две монети од овој тип,[150] а кај Б. Хусеиновски три.[151] Збирката на ФЗФ поседува девет монети од типот бр. 1.

Типот бр. 2 е застапен со по еден примерок во прилепскиот музеј, колекцијата ш елдаров и збирката на ФЗФ.

Типот бр. 3 е застапен со четири примероци во музејот во Прилеп,[152] еден во музејот во Охрид,[153] десет во К. ш елдаров,[154] пет се евидентирани кај Б. Хусеиновски[155] и единаесет примероци во збирката на ФЗФ.

Типот бр. 9 е застапен со неколку примероци во прилепскиот регион,[156] четири монети од непознати локалитети се чуваат во А. М. во Скопје,[157] четири во К. ш елдаров,[158] две кај Б. Хусеиновски[159] и четири во збирката на ФЗФ.

И. МикулчиЌ забележал поголем број наоди на монетите на Касандар на разни места во Р. Македонија.[160]

---

[146] В. Битракова Грозданова, Охрид 1983
[147] К. Кепески, Скопје 1988
[148] Е. Петрова, Скопје 1983
[149] В. Соколовска, Скопје 1966
[150] Н. ш елдаров, Скопје 2003
[151] Б. Хусеиновски, Гевгелија 2004
[152] К. Кепески, Скопје 1988
[153] В. Битракова Грозданова, Охрид 1983
[154] Н. ш елдаров, Скопје 2003
[155] Б. Хусеиновски, Гевгелија 2004
[156] К. Кепески, Скопје 1988
[157] В. Соколовска, Скопје 1966
[158] Н. ш елдаров, Скопје 2003
[159] Б. Хусеиновски, Гевгелија 2004

**Евполем** (314 г.)

Монетен тип:

1. Ав. Три македонски Штита еден врз друг. Рв. ΕΥΠΟ/ΛΕΜΟΥ, во средина меч во корици и лабрис во полето.[161]



Не се познати негови монети во Р. Македонија.

**Филип IV** (297 г.)

Синот на Касандар на своите монети ја ставал титулата ΒΑΣΙΛΕΩΣ пред своето име.

Монетни типови:

Бронзени монети

1. Ав. Глава на Аполон кон десно. Рв. ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΦΙΛΙΠΠΟΥ, коњаник во трк кон десно;

2. Ав. Глава на млад Херакле кон десно. Рв. ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΦΙΛΙΠΠΟΥ, коњаник во од кон десно, со едната рака отпоздравува;

3. Ав. Како под бр. 2. Рв. Како под бр. 2 со монограм ΦΙ ΒΑ горе и долу.[162]

---

[160] И. МикулчиЌ, Скопје 1973

[161] Н. шелдаров и В. ЛилчиЌ, Кралевите на античка Македонија и нивните монети во Р. Македонија, Скопје 1994

Не се познати негови монети во Р. Македонија.

**Александар V** (297-294 г.)

Монетни типови:

Бронзени монети

1. Ав. Глава на млад бог. Рв. ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ, коњаник во трк кон десно;

2. Ав. Глава на млад Херакле. Рв. Голобрад коњаник со хитон и хламида кон десно. Со десната рака отпоздравува. Горе и долу монограм ΑΛΕ и ΒΑ со керикеион.

Не се познати негови монети во Р. Македонија.

**Деметриј I Полиоркет** (294-287 г.)

Познато е дека таткото на Деметриј, Антогон Монофталм, никогаШ не исковал монети со своето име. Тој ги ковал монетните типови на Александар Велики во ковниците кои биле под негова контрола во М. Азија.

Деметриј започнал да кова монети и пред да дојде на престолот (316-306 г.). Дури по битката кај Ипс, 301 г. пр. н.е., започнал да кова монети со сопственото име.

Неговите ковници биле распространети во неколку региони. Во Кипар во градот Саламин, во Мала Азија: Тир (Финикија), Тарс (Киликија), Милет (Карија) и Ефес (Јонија); во Македонија во Пела и Амфипол; во Грција Тебес, (Беотија,

[162] Н. шелдаров и В. ЛилчиЌ, Кралевите на античка Македонија и нивните монети во Р. Македонија, Скопје 1994

Деметриада (Тесалија), Халкис (Евбеја) и Сикон (Пелопонес).[163]

Монетите на Деметриј I Полиоркет се поделени во неколку групи:

1. Типови на Александар III и негова легенда;
2. Типови на Александар III со името на Деметриј;
3. Оригинални типови на Деметриј.

Од првата група познати се статери, тетрадрахми и драхми.

Од втората група, Деметриј ковал статери со натпис ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΔΗΜΗΤΡΙΟΥ, тетрадрахми со натпис ΔΗΜΗΤΡΙΟΥ и ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΔΗΜΗΤΡΙΟΥ. [164]

Во третата група се сопствените типови на Деметриј со натписот ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΔΗΜΗΤΡΙΟΥ. По поразот кај Ипс во 301 г. пр. н.е., тој се вратил на Кипар и реШил да направи суШтествена реформа во монетоковањето со нови типови, за да покаже дека ја продолжува борбата. Новите типови трбало да служат за пропаганда на неговите успеси и да потсетат за неговите победи. По победата над Птоломеј I тој ја зема титулата од тако му, "Базилеј".[165]

На аверсот на монетните номинали, златен статер и сребрените тетрадрахми и драхми, претставена е крилеста Нике на преден дел од кораб, навестувајЌи ја победата. На реверсот на статерите е претставена Атина со борбена опрема. Богот на морето Посејдон, е претставен на тетрадрахмите, драхмите и хемидрахмите како напаЃа со својот трозабец. Идејата била да се прикаже дека Посејдон се бори од страната на Деметриј за да му ја обезбеди победата.

Ликот на Деметриј, за прв пат се појавува на драхмите и хемидрахмите ковани во Ефес во периодот 301-295 г.[166] Во Македонија и Грција портретот се појавува откако Деметриј седнал на македонскиот трон во 294 г. пр. н.е.

Најчести претстави на бронзените монети на Деметриј се: Посесејдон во цел раст, преден дел на кораб, глава на Посејдон, глава на Атена со коринтски Шлем, трозабец. најголем интерес предизвикува претставата на главата на

---

[163] E. T. Newell, The coinage of Demetrius Poliorcetes, Oxford 1927
[164] Д. Драганов, Монетите на македонските царе, Част II, □мбол 2001
[165] I. Carradice/M. Price, Coinage in the Greek world, London 1988
[166] E. T. Newell, The coinage of Demetrius Poliorcetes, Oxford 1927

самиот Деметриј со коринтски Шлем или со рогови од бик, кована во ковницата во Саламин.[167] Монетни типови:

Златни монети

- Статер

1. Ав. Нике стои на преден дел од кораб и свири во победничката труба. Рв. ΔΗΜΗΤΡΙΟΥ ΒΑΣΙΛΕΩΣ, Атена Промахос наметната со хламида. Во едната рака држи Штит, со другата фрла копје;

2. Ав. Глава на Атина со коринтски Шлем кон десно. Рв. ΔΗΜΗΤΡΙΟΥ ΒΑΣΙΛΕΩΣ, исправена Нике со раШирени крилја, со венец во десната рака;



3а. Ав. Глава на Деметриј со дијадема и рогови од бик, кон десно. Рв. ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΔΗΜΗΤΡΙΟΥ, коњаник со хламида и каусија, во раката држи копје, коњот е во трк кон десно;



3б. Ист како претходниот, само коњот е издигнат на предни копита;

Сребрени монети

[167] E. T. Newell, The coinage of Demetrius Poliorcetes, Oxford 1927

- Тетрадрахми

4. Ав. Нике стои на преден дел од кораб и свири во победничката труба. Рв. ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΔΗΜΗΤΡΙΟΥ, исправен гол Посејдон. Со десната рака замавнува со својот тридент, а во левата држи хламида завиткана околу раката;



5а. Ав. Глава на Деметриј со дијадема и рог на бик. Рв. ΔΗΜΗΤΡΙΟΥ ΒΑΣΙΛΕΩΣ, Посејдон седи на карпа, во левата рака држи тридент, а во десната испружена афластон;



5б. Ист како претходниот, само во левата рака држи скиптар од т.н. лотус тип;

6. Ав. Како под бр. 5. Рв. ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΔΗΜΗΤΡΙΟΥ, Посејдон со едната нога стои врз карпа и се потпира со едната рака врз неа, во другата држи тридент;



7. Ав. Глава на млад Херакле со лавовска кожа. Рв. ΔΗΜΗΤΡΙΟΥ, Зевс седи на престол, во едната рака држи скиптар, а во другата, испружена, орел;



8. Ав. Како под бр. 7. Рв. ΔΗΜΗΤΡΙΟΥ ΒΑΣΙΛΕΩΣ, како под бр. 7;

- Драхми

9. Ав. Како под бр. 7. Рв. Како под бр. 4;

10. Како под бр. 4;

11а. Како под бр. 5;

11б. Ав. Ав. Глава на Деметриј со дијадема и рог на бик, околу точкаст круг, кон десно. Рв. ΔΗΜΗΤΡΙΟΥ ΒΑΣΙΛΕΩΣ, Посејдон гол, стои кон лево. Со едната рака замавнува со својот тридент, околу другата завиткана хламида;



- Хемидрахми

12. Како под бр. 4;

13. Ав. Како под бр. 5. Рв. Како под бр. 4;

14а. Ав. Како под бр. 5. Рв. Како под бр. 6;

14б. Ав. Глава на Деметриј со рог кон десно. Рв. Посејдон со едната нога стои врз карпа и се потпира со едната рака врз неа, во другата држи тридент;

Бронзени монети

15. Ав. ΒΑΣΙ ΔΗΜΗ, преден дел од кораб кон лево. Рв. Коњаник во трк кон десно, со каусија, хитон и хламида;

16. Ав. Преден дел од кораб кон лево. Рв. ΔΗΜ ΒΑΣΙ, коњаник со капа во трк кон лево;

17. Ав. Како под бр. 16. Рв. ΒΑΣΙ ΔΗΜ, Посејдон гол, стои кон лево. Со едната рака замавнува со својот тридент, околу другата завиткана хламида;

18. Ав. Глава на Атина со атички Шлем кон десно. Рв. ΒΑΣΙ ΔΗΜΗ, преден дел од кораб кон лево;



19. Ав. Профил на Деметриј кон десно. Рв. Преден дел од кораб, долу монограм Β Α;

20. Ав. Профил на Деметриј со коринтски Шлем, украсен со рог од бик, кон десно. Рв. Β Α, преден дел од кораб;



21. Ав. Профил на Деметриј со коринтски Шлем, кон десно. Рв. Β Α, афластон, лабрис и монограм  ;



22. Ав. Портрет на Посејдон гон десно. Рв. ΔΗΜΗΤΡΙΟΥ ΒΑΣΙΛΕΩΣ, Атена Промахос наметната со хламида. Во едната рака држи Штит, со другата фрла копје;

23. Ав. Глава на Посејдон кон десно. Рв. Β Α, преден дел од кораб;



24. Ав. Профил на Посејдон кон десно. Рв. Β Α, тридент, лабрис и монограм;

25. Ав. Портрет на момче со коринтски Шлем. Рв. Β Α, тридент, лабрис;

26. Ав. Портрет на Посејдон кон десно. Рв. Како под бр. 21;

27. Ав. Профил на Деметриј кон десно. Рв. ΔΗΜΗΤΡΙΟΥ ΒΑΣΙΛΕΩΣ, Посејдон гол, стои кон лево. Со едната рака замавнува со својот тридент, околу другата завиткана хламида;

28а. Ав. Македонски Штит со ѕвезда во средина. Рв. ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΔΗΜΗΤΡΙΟΥ, Шлем;

28б. Иста, само со намален дијаметар;

29. Ав. Македонски Штит со монограм  во средина. Рв. ΒΑ ΣΙ, Шлем со пејаница;



30. Ав. Крилеста Нике стои на преден дел од кораб и свири во победничката труба, во левата рака држи стилис. Рв. Β Α долу, Посејдон гол,

стои кон лево. Со едната рака замавнува со својот тридент, околу другата завиткана хламида.[168]

Во Р. Македонија не се откриени златни монети.

Петнаесет примероци од тетрадрахмите на Деметриј, се регистрирани во оставата од Прилепец: една од типот бр. 4, една од типот бр. 5 и тринаесет од типот бр. 6.[169] Во оставата од Фурка има два примероци од типот бр. 6.[170]

Бронзените монети од типот бр. 29 се забележани на повеЌе места: пет примероци во прилепскиот крај,[171] еден од "Исар" Марвинци,[172] еден во А. М. во Скопје[173] и повеЌе монети од истиот тип во Пелагонија.[174] Во к. ш елдаров евидентирани се четири примероци.[175] Збирката на ФЗФ поседува единаесет монети од овој тип и една од типот "Преден дел од кораб/Коњ во трк".

**Пир** (287-285 г.)

Пир ковал монети во злато, сребро и бронза, во Епир и Македонија на Балканскиот Полуостров и Локри Епизефири и Сиракуза во Јужна Италија и Сицилија.

Во родниот Епир од 297 г. пр. н.е. тој ковал бронзени монети кои на аверсот, на сите номинали, била претставена глава на Зевс од Додона (светилиШте во Епир) со карактеристичен дабов венец. Се смета дека начинот на кој е претставен Зевс било под силно влијание од традицијата на Птоломеите, а неговата претставата на монетите на Пир, се должи на времето кое Пир го

---

168 Н. ш елдаров и В. ЛилчиЌ, Кралевите на античка Македонија и нивните монети во Р. Македонија, Скопје 1994
169 D. Vucković Todorović, Skopje 1958
170 Ѓ. Петачки, Гевгелија, МНГ бр. 1, Скопје 1994
171 К. Кепески, Скопје 1988
172 Е. Петрова, Скопје 1983
173 В. Соколовска, Скопје 1966
174 И. МикулчиЌ, Скопје 1973
175 Н. ш елдаров, Скопје 2003

поминал во дворот на Птоломеј I во Александрија.[176] На реверсот е претставена молња, одново во дабов венец (**84**). Друг тип на бронзени монети ковани во Епир се со претстава на глава на Атина со коринтски Шлем на аверсот и слон на реверсот.

Кога доаѓа на македонскиот орестол во Пела, во 287 г. пр. н.е., започнува да го кова бронзениот тип “Македонски Штит/македонски Шлем”, со неговиот монограм ΠΡ, името на Пир (***тип 3***).

Во Локри Епизефири, кова само сребрени монети. На аверсот е претставен Зевс од Додона со дабова круна, а на реверсот богинката Диона седната на трон.[177] На дидрахмите на аверсот е претставен Ахил, од кого кралевите на молосите ја влечеле својата генеалогија, на реверсот неговата мајка. Мајката на Пир, Тетис е претставена како јава хипокамп (морски коњ со опашка на змија или риба).



*тип* 3



тетрадрахма



дидрахма

Златните монети, статери и хемистатери, во ограничени количини ги ковал во Сиракуза. Статерите се од типот “Глава на Атина со коринтски Шлем/Нике”, а хемистатерите “Глава на Артемида/Нике”.[178]



1/2 Статер



Фтија/Молња

[176] O. Mørkholm, Early hellenistic coinage: from accession of Alexander to the peace of Apamea (336-186 B.C.), Cambridge 1991
[177] J. Babelon, Le roi Pyrrhos, Centennial publications of the ANS, New York 1958
[178] B. V. Head, Historia Numorum, Oxford 1911

Во Сиракуза биле исковани и сребрени монети-октоболи и драхми од типот “Глава на Персефона/Атина Алкис”.

Бронзените монети се од типот “Глава на Персефона/Деметра на трон”, “Глава на Атина со Шлем/житен клас во дабов венец” и “Глава на Фтија/молња”.

Монетите на Пир, со четири примероци од типот “Македонски Штит/Македонски Шлем”, се евидентирани кај Б. Хусеиновски[179] и две монети, од истиот тип, поседува збирката на ФЗФ. Збирката на ФЗФ поседува уште една монета од типот “Глава на Зевс со дабов венец/Молња”.

**Лизимах** (287-281 г.)

Од сите дијадоси, само Лизимах не располагал (до 309/8 г. пр. н.е., кога го основал седиштето во Лизимахија) со сопствена монетарница. Благодарение на искреното пријателство што го имал со Касандар, тој се снабдувал со монети од Македонија.



александров тип

Монетите на Лизимах се поделени во четири групи:

1. Типови на Филип II;

[179] Б. Хусеиновски, Гевгелија 2004

2. Типови на Александар III и легенда на Александар III;
3. Типови на Александар III и легенда на Лизимах;
4. Типови на Лизимах и легенда на Лизимах.

Првите типови на монети се и најраните на Лизимах. Тука спаЃаат сребрени тетроболи и диоболи и бронзени типови на монети.

Монетите од типот "Глава на Аполон со тенија (за сребрените) и ловоров венец (за бронзените)/коњаник" или "Глава на Херакле/коњаник" се разликуваат по легендите: ΦΙΛΙΠΠΟΥ, ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ, ΑΛΕ, ΒΑΣΙΛΕΩΣ, ΛΥ.

На сите негови варијанти на тетроболи, диоболи и бронзени монети го содржат натписот ΛΥ и протом или глава на лав. Тие сочинуваат една хомогена група кована во еден ист период. Натписот ΒΑΣΙΛΕΩΣ ја датира групата по 306 г. пр. н.е., кога Лизимах одлучува да си ја додаде титулата. Тоа се првите изданија на новооформената престолнина во Лизимахија за периодот 306/5-301/0 г. пр. н.е.

Дилемата настанува кај монетите со натпис ΦΙΛΙΠΠΟΥ, ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ, ΑΛΕ. Дали треба да се третираат како постхумни изданија на Филип II и Александар III, како Што традиционално се прави, или монетите со натпис ΦΙΛΙΠΠΟΥ се рани изданија на Филип III Аридеј, или пак, постхумни изданија на Филип III. Останатите можности се, оние изданија со натпис ΦΙΛΙΠΠΟΥ, да му се препиШат на Филип IV, додека оние со натпис ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ, Александар IV или Александар V. Збунувачки е тоа Што некои варијати не ги носат легентите ΦΙΛΙΠΠΟΥ и ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ, туку само ΛΥ или ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΛΥ над коњаникот, Што лесно можат да му се припиШат на Лизимах.[180]

Втората група, опфаЌа изданија на златни статери, драхми и тетрадрахми со типот и името на Александар Велики, но со симболот на Лизимах-протом на лав. Овие серии се ковани во Лизимахија (статери и драхми), Магнезија (статери и драхми), Абидос (статери и драхми), Сарди (статери и тетрадрахми), Сестос (статери) и Колофон (драхми) во периодот 301-297 г. пр. н.е.

[180] Д. Драганов, Монетите на македонските царе, Част II, □мбол 2001

Третата група вклучува статери, тетрадрахми и драхми, со легендата ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΛΥΣΙΜΑΧΟΥ и неговиот личен симбол-протом на лав. Кована е во периодот 299/6 г. пр. н.е., во Лизимахија (драхми) и Сестос (статери и драхми) во Европа и Магнезија (статери, тетрадрахми и драхми), Лампсак (статери и драхми), Сарди (статери и драхми), Колофон (тетрадрахми и драхми), Абидос (драхми), Митилене (драхми) и Милет (драхми) во М. Азија.[181]

Последната група е составена од златни, сребрени и бронзени изданија со оригиналните типови на Лизимах и со легендата ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΛΥΣΙΜΑΧΟΥ. Златните статери, тетрадрахмите и драхмите се од еден ист тип, Глава на Александар Велики со рог од овен (Амонов рог) и дијадема, на аверсот. На реверсот е претставена Атина Никефорос со Шлем, Штит и копје, седната на трон. Во испружената десна рака ја држи богинката на победата-крилеста Нике, која пак, во свои раце држи ловоров венец. Реверсот го прикажува Лизимах како победник во решавачката битка во Ипс во 301 г. пр. н.е.



Статер



Тетрадрахма/Драхма

Овој унифициран тип е воведен за целото златно и сребрено монетоковање неколку години по таа битка, најверојатно по смртта на Касандар во 297 г.

За локални потреби Лизимах пуштал во употреба неколку типа бронзени монети со натпис ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΛΥΣΙΜΑΧΟΥ и ΒΑΣΙ ΛΥΣΙ ковани по 306/5 г. пр. н.е. Воглавно типовите се “Глава на Атина” и “Глава на Херакле” на аверсот и претстава на “Житен венец” и “Лав” во неколку варијанти на реверсот.

[181] M. Price, The coinage in the name of Alexander the Great and Philip Arrhidaeus, London 1991



Бронзени типови

По смртта на Лизимах, во неколку региони, циркулирале постхумни негови изданија, чие производство било во почетокот на 281 г. пр. н.е. Најверојатно првите тетрадрахми биле ковани во Перинт и Енос. Постхумните тетрадрахми ковани во Енос се со легендата ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΛΥΣΙΜΑΧΟΥ ΣΚΟΣΤΟΚΟΥ.

Градовите Лизимахија, Киос, Парион, Кизик, Митилене продолжиле со ковањето на монетите на Лизимах. Најпродуктивна била ковницата во Бизантион, која ги ковала низ целиот III век. Овие постхумни серии се сметаат за автономни градски монетоковања.[182]

Забележани се три негови монети во оставата од Егри, деветнаесет во оставата од Прилепец и два примероци од оставата од Фурка. Единечни наоди се евидентирани од Струга, Прилеп и околината на Куманово.[183]

**Антигон II Гонат** (283-240/39 г.)

Откако се искачил на престолот, Антигон Гонат, почнал да кова златни статери и сребрени тетрадрахми од александровиот, тип со александровото име. Најраните монети кои го носат името на Антигон Гонат и натпис ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΑΝΤΙΓΟΝΟΥ, исто така се од александров тип.

---

[182] O. Mørkholm, Early hellenistic coinage: from accession of Alexander to the peace of Apamea (336-186 B.C.), Cambridge 1991

[183] D. Vucković Todorović, Skopje 1958; ѓ. Петачки, Гевгелија, Скопје 1994; И. МикулчиЌ, Скопје 1973

Околу 271/70 г. пр. н.е. започнал со ковање на свој оригинален тип, со претстава на глава на Пан со педум зад рамото во средина на македонски Штит. Со оваа претстава, потсетува на големата победа од 277 г. пр. н.е. над келтите кај Лизимахија, во која, по неочекуваната појава на богот Пан на бојното поле предизвикала страв кај келтите, по Што тие се разбегале. ОттогаЩ ова божество го земал за свој патрон и покровител.[184]

На реверсот на тетрадрахмите е претставена Атина Алкидемос исправена (свртена кон лево или десно) со Шлем, во едната рака држи Штит, а со другата фрла молња. Долу, како основен симбол е претставен македонски Шлем, карактеристичен за ковницата во Пела.[185] Истото се однесува и на емисијата на драхми, со глава на Посејдон на аверсот и Атина Алкидемос на реверсот.

Антигон Гонат исковал една серија на златни статери, "Глава на Атина со коринтски Шлем/Нике", со натпис ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΑΝΤΙΓΟΝΟΥ. Неговото златно монетоковање се врзува со плаЌањето на келтските платеници за потребите на војската на македонскиот крал. Тој бил принуден да плати 30 таланти на келтите, предводени Бидериј, за да осигура 7500 платеници.[186]

Бронзените типови на Антигон Гонат се "Глава на Атина со коринтски Шлем/Пан подигнува трофеј". Типот "Глава на Херакле/коњаник", во една варијанта е претставено името на владетелот со титулата ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΑΝΤΙΓΟΝΟΥ, а во другата само титулата ΒΑΣΙΛΕΩΣ и неговиот монограм ΑΙ. Истиот монограм е претставен во средина на македонски Штит од типот "Македонски Штит/македонски Шлем".

Ковањето и циркулацијата на тетрадрахмите од типот "Пан", продолжуваат и по смртта на Антигон II Гонат, до времето на Филип V. Тоа го потврдуваат истите или слични симболи и монограми кои се појавуваат во монетоковањето на тројцата македонски кралеви: Антигон Гонат, Антигон Досон и Филип V.[187] Монетни типови:

---

[184] M. Price, Coins of the Macedonians, London 1974
[185] M. Price, The coinage in the name of Alexander the Great and Philip Arrhidaeus, London 1991
[186] R. W. Mathisen, Antigon Gonatas and the silver coinages of Macedonia ca. 280-270 B.C., ANS MN 26 1981
[187] Д. Драганов, Монетите на македонските царе, Част II, □мбол 2001

Сребрени монети

- Тетрадрахми

1. Ав. Македонски Штит со портрет на Пан со педум зад рамото. Рв. ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΑΝΤΙΓΟΝΟΥ, исправена Атена Алкидемос, во едната рака држи Штит, а со другата замавнува со молња;



- Драхми

2. Ав. Портрет на Посејдон кон десно. Рв. Како под бр 1.



Бронзени монети

3. Ав. Портрет на Атина со коринтски Шлем, кон десно. Рв. ΒΑ, Пан подигнува трофеј, со монограмот ΑΝ во полето;



4. Ав. Портрет на Млад Херакле. Рв. BA, Коњаник во од кон десно, со едната рака поздравува, а со другата ги држи уздите на коњот;



5. Како под бр. 4. Рв. ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΑΝΤΙΓΟΝΟΥ;

6. Како под бр. 5. Рв. ΒΑΣΙΛΕΩΣ и монограмот ₳;

7. Ав. Македонски Штит, во средина монограм ₳. Рв. BA-ΣΙ, Македонски Шлем со перјаница;



8. Ав. Македонски Штит со монограм во средината, со мали молњи поставени радијално. Рв. Македонски Шлем со перјаница.[188]

Монетите на Антигон Гонат, пронајдени на територијата на Р. Македонија се исклучиво бронзени и тоа од два типа.

Типот бр. 3, со осум примероци од околината на Прилеп, е застапен во прилепскиот музеј.[189] Потоа, две монети од "Исар" Марвинци,[190] пет од Требениште во музејот во Охрид,[191] два примероци од непознат локалитет се чуваат во А. М. во Скопје[192] и еден примерок бил откриен на островот Голем Град во Преспа.[193] Колекцијата шелдаров поседува Шест примероци,[194] додека

---

[188] Н. шелдаров и В. Лилчиќ, Кралевите на античка Македонија и нивните монети во Р. Македонија, Скопје 1994
[189] К. Кепески, Скопје 1988
[190] Е. Петрова, Скопје 1983
[191] В. Битракова Грозданова, Охрид 1983
[192] В. Соколовска, Скопје 1966
[193] В. Битракова Грозданова, Скопје 1987
[194] Н. шелдаров, Скопје 2003

најмногу се евидентирани кај Б. Хусеиновски, дваесет и два.[195] Збирката на ФЗФ поседува дваесет и осум монети.

Типот бр. 4 е застапен кај шелдаров[196] со два и кај Б. Хусеиновски со дванаесет примероци.[197]

Типот бр. 7 е застапен со еден примерок од "Исар" Марвинци,[198] еден во охридскиот музеј,[199] од непознат локалитет и еден од ВароШ во прилепскиот музеј.[200] Во каталогот на шелдаров се евидентирани три примероци од овој тип.[201] Кај Б. Хусеиновски[202] евидентирани се Шест, а збирката на ФЗФ поседува два примероци.

**Антигон III Досон** (229-221 г.)

Сребрените тетрадрахми на Антигон се од типот глава на Посејдон на аверсот и Аполон, седнат на преден дел од кораб држејЌи лак во десната рака. На коработ во два реда напиШана титулата и името на кралот ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΑΝΤΙΓΟΝΟΥ. Постојат две групи на тетрадрахми. Првата има монограм и се смета дека е кована во Амфипол,[203] додека втората, има симбол на трозабец и се смета дека е кована во Коринт, 224/3-222 г. пр. н.е.[204]

---

195 Б. Хусеиновски, Гевгелија 2004
196 Н. шелдаров, Скопје 2003
197 Б. Хусеиновски, Гевгелија 2004
198 Е. Петрова, Скопје 1983
199 В. Битракова Грозданова, Охрид 1983
200 К. Кепески, Скопје 1988
201 Н. шелдаров, Скопје 2003
202 Б. Хусеиновски, Гевгелија 2004
203 O. Mørkholm, Early hellenistic coinage: from accession of Alexander to the peace of Apamea (336-186 B.C.), Cambridge 1991
204 I. L. Merker, The silver coinage of Antigonos Gonatas and Antigonos Doson, ANS MN9 1960



Тетрадрахма

На Антигон Гонат или Антигон Досон им се препиШуваат две серии на бронзени монети од типот Глава на Херакле/коњаник. И двете на реверсот имаат ист монограм и кратенка од кралската титулата - В А. Втората има дополнителен симбол, македонски Шлем, кој наведува на ковницата во Пела.

Во Р. Македонија не се познати негови наоди.

**Филип V** (221-179 г.)

За прва негова емисија се сметаат тетрадрахмите со претстава на портрет со кадрава брада на самиот владетел, со дијадема на аверсот[205] и Атина Алкидемос во воена опрема, во едната рака држи Штит, а со другата фрла молња. Овие монети се ковани во чест на качувањето на младиот крал на тронот. И тој, како и Деметриј I Полиоркет, покажува индивидуална портретна претстава на аверсот.

Вториот тип на тетрадрахми, Филип V го воведува во периодот 211-197 г. пред битката во Киноскефале. На аверсот е претставен карактеристичниот македонски Штит, на кој, во средината е претставен митскиот херој Персеј со крилест Шлем (кон лево или кон десно), со глава на грифон на врвот. На десното рамо го носи својот меч, наречен харпа. На реверсот е претставена суровица во

[205] R. R. R. Smith, Hellenistic Royal portraits, Oxford 1988

дабов венец. По прекин од околу десет години, овој тип на монети продолжил да се кова до неговата смрт.

Интересна е претставата на митскиот херој Персеј, на аверсот на монетите на последните двајца кралеви. Имено, претставата била со цел да го потенцираат својот покровител и патрон, по примерот на Антигон Гонат со Пан и Антигон Досон со Посејдон. Персеј е син на Зевс и Данаја, кој требал да ја убие Горгона Медуза со помош на шлем, кој го правел невидлив, крилести сандали и специјален меч наречен харпа кои му биле дадени од Хермес.[206]

Сребреното монетоковање на Филип V било возобновено во 188/7 г. пр. н.е., со нови номинали вклучувајќи тетрадрахми, дидрахми, драхми и хемидрахми. Тетрадрахмите биле од стариот тип, но наместо глава на Персеј бил претставен самиот владетел.

На другите номинали, на аверсот е претставен портрет на Персеј со кралска дијадема. На реверсот е претставена суровица во дабов венец и три монограми. Најверојатно овие серии се ковани во Амфипол.[207]

Златното монетоковање се состои од еден тип на статери, ковани околу 200 г. пр. н.е. На аверсот е претставена глава на Персеј со крилест шлем и харпа, а на реверсот суровица, но без дабов венец.

Кај бронзеното монетоковање на Филип V претставите се најразлични, од традиционални до сосема нови композиции. Интересно е тоа што портретот на кралот не е претставен. Наместо него, претставен е Персеј со сите негови атрибути.

За да ја овековечи победата во Киноскефале на Филип V, римскиот војсководец Тит Квинт Фламинин исковал серија златни статери. На аверсот е претставен неговиот портрет (по примерот на Филип V), а на реверсот крилеста Нике, држи ловоров венец. Претставата на Нике, која е копирана од статерите на Александар Велики, е како поставува венец над името на генералот, напишано на латински јазик - T. QVINCTI. Серијата била искована еднократно во Грција, најверојатно во Коринт во 196 г. пр. н.е.

---

[206] J. M. Jones, A dictionary of ancient Greek coins, London 1986
[207] A. Mamroth, Die Silbermünzen des Königs Philippos V von Makedonien, ZfN 40, 1935

Во 188 г. пр. н.е. Филип V направил реформа со која, на голем дел од областите и одделни градови им наложил да коваат сопствени сребрени и бронзени монети, со цел да ги разработат старите и нови рудни наоЃалиШта. Така се појавиле монети со натпис од области и градови. Освен тоа, биле ковани и емисии од македонскиот народ со натпис ΜΑΚΕΔΟΝΩΝ. Одделно со нив биле ковани и емисиите на Филип V и подоцна на Персеј. Со оваа реформа сакал да ги активира и мобилизира сите економски ресурси на Македонија.[208] Монетни типови:

Златни монети

- Статери

1. Ав. Профил на Персеј со крилест Шлем со харпа, на врвот на Шлемот грифонска-орлова глава. Рв. ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΦΙΛΙΠΠΟΥ во два реда, суровица во средина;



Сребрени монети

- Тетрадрахми

2. Ав. Портрет на Филип V со дијадема и брада, кон десно. Рв. ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΦΙΛΙΠΠΟΥ, Атина Алкидемос во воена опрема. Во едната рака држи Штит, со другата замавнува со молња;

[208] Д. Драганов, Монетите на македонските царе, Част II, □мбол 2001

3. Ав. Македонски Штит со портретот на Филип со крилест Шлем и харпа во средина. Рв. ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΦΙΛΙΠΠΟΥ во два реда во дабов венец, суровица во средина;



- Дидрахми

4. Ав. Како под бр. 2. Рв. Како под бр. 3. Во полето монограми;



- Драхми

5. Како под бр. 4;

- Хемидрахми

6. Како под бр. 4. Со кадукеј надвор од венецот;

Бронзени монети

7. Ав. Портрет на Зевс со ловоров венец, кон десно. Рв. ВА Ф (или ВА ФІ), гол коњаник во од кон десно;



8. Ав. Портрет на Зевс со дабов венец, кон десно. Рв. В А Ф, Атина Алкидемос во воена опрема. Во едната рака држи Штит, со другата замавнува со молња;



9. Ав. Портрет на Посејдон кон десно. Рв. Како под бр. 8;

10. Ав. Портрет на млад Херакле со лавовска кожа, кон десно. Рв. В А Ф, две легнати кози со подигнати глави;



11. Ав. Портрет на Зевс со ловоров венец, кон десно. Рв. ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΦΙΛΙΠΠΟΥ, млад Пан во од кон лево. Во едната рака држи пантерова кожа, во другата суровица;

12. Ав. Портрет на Хелиос со зрачеста круна кон десно. Рв. ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΦΙΛΙΠΠΟΥ во два реда, во дабов венец, суровица во средина;



13. Ав. Портрет на брадест Херакле кон десно. Рв. ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΦΙΛΙΠΠΟΥ во два реда во дабов венец, харпа во средина;

14. Ав. Профил на млад Херакле со лавовска кожа, кон десно. ΒΑΦΙ, гол коњаник кон десно, со едната рака отпоздравува, со другата ги држи уздите на коњот;

15. Ав. Профил на Пан кон десно. Рв. Β Α Φ, коњаник во трк, кон десно;

16. Ав. Како под бр. 15. Рв. Β Α Φ, две легнати кози со подигнати глави, кон десно;

17. Ав. Профил на Персеј со крилест Шлем со харпа, на врвот на Шлемот грифонска-орлова глава. Рв. Β Α Φ, во дабов венец, харпа во средина;



18. Ав. Како под бр. 17. Рв. Β Α Φ, суровица и харпа;

19. Ав. Како под бр. 17. Рв. ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΦΙΛΙΠΠΟΥ во два реда во дабов венец, харпа во средина;

20. Ав. Профил на Посејдон кон десно. Рв. Β Α Φ (или ΒΑ ΦΙ), преден дел на кораб;

21. Ав. Профил на Артемида со футрола за стрли на десното рамо, кон десно. Рв. Β Α ΦΙ, исправен орел со раШирени крилја, држи молња во канџите, кон лево. Главата му е свртена кон десно;



22. Ав. Како под бр. 17. Рв. ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΦΙΛΙΠΠΟΥ во два реда, во средина коњ во трк кон десно;




23. Ав. Профил на Херакле. Рв. В А ФІ, преден дел на кораб;

24. Ав. Профил на Персеј со харпа. Рв. В А ФІ, орел со раШирени крилја стои на рало;



25. Ав. Како под бр. 17. Рв. В А Ф, орел со раШирени крилја стои на рало;



26. Ав. Профил на Персеј со Харпа. . Рв. В А ФІ, орел со раШирени крилја стои на молња;



27. Ав. Македонски Штит, профил на Персеј во средина. Рв. ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΦΙΛΙΠΠΟΥ, македонски Шлем;



28. Ав. Македонски Штит со круг со точка во средина. Рв. В А Ф, македонски Шлем со перјаница;



29. Ав. Македонски Штит во средината петкрак стровилос. Рв. В А Ф I, суровица;

30. Ав. Македонски Штит во средината Шесткрак стровилос. Рв. В А Ф I, суровица, тридент;

31. Ав. Глава на брадест Херакле со лавовска кожа. Рв. Преден дел од кораб;

32. Ав. Глава на Пан. Рв. ВА Ф, две легнати кози;

33. Ав. Глава на момче со ловоров венец. Околу вратот лавовска кожа. Рв. ВА ФI, заден дел од кораб.[209]

Монетите на Филип V се чести во Р. Македонија.

Сребрена тетрадрахма од типот бр. 2, од непознат локалитет, се чува во А. М. во Скопје.[210] К. шелдаров поседува еден примерок од истиот тип.[211]

Колекцијата шелдаров поседува две монети од типот бр. 5, три бронзени монети од типот бр. 7 и четири од типот бр. 8.[212] Збирката на ФЗФ поседува пет примероци од типот бр. 7 и еден примерок од типот бр. 8.

---

[209] Н. шелдаров и В. ЛилчиЌ, Кралевите на античка Македонија и нивните монети во Р. Македонија, Скопје 1994

[210] В. Соколовска, Скопје 1966

[211] Н. шелдаров, Скопје 2003

[212] Н. шелдаров, Скопје 2003

Бронзени монети од типот бр. 9 се евидентирани, една од “Исар” Марвинци[213] и пет кај шелдаров,[214] додека збирката на ФЗФ поседува три примероци.

Една монета од непознат локалитет од типот бр. 10 се чува во А. М. во Скопје.[215] Познати се две остави од “Исар” Марвинци и “Венец” Ракле со монети на Филип V. Кај шелдаров евидентирани се осум монети,[216] а кај Б. Хусеиновски четири.[217] Збирката на ФЗФ поседува четиринаесет примероци.

Типот бр. 12 е застапен во “Исар” Марвинци,[218] околината на Прилеп[219] и Кичево. Истиот тип кај шелдаров е застапен со седум примероци.[220] Во ззбирката евидентирани се пет монети.

Типот бр. 13 е застапен на неколку локалитети во прилепскиот регион,[221] “Исар” Марвинци,[222] с. Црничани[223] и А. М. во Скопје од непознат локалитет.[224] Осум примероци се евидентирани кај шелдаров,[225] а во збирката на ФЗФ девет монети.

Од типот бр. 14 колекцијата шелдаров поседува пет, додека од типот бр. 19 два примероци.[226] Кај Б. Хусеиновски од типот бр. 19 е евидентирана една монета.[227] Збирката на ФЗФ поседува еден примерок од типот бр. 14.

Типот бр. 21 е застапен со два примероци во кол. шелдаров.

Типот бр. 22 е застапен со еден примерок во кол. шелдаров и еден во збирката на ФЗФ.

Типот бр. 24 е застапен со два примероци во депото од “Исар” Марвинци, седум во кол. шелдаров[228] и четири примероци во збирката на ФЗФ.

---

[213] В. Соколовска, Скопје 1966
[214] Н. шелдаров, Скопје 2003
[215] В. Соколовска, Скопје 1966
[216] Н. шелдаров, Скопје 2003
[217] Б. Хусеиновски, Гевгелија 2004
[218] В. Соколовска, Скопје 1966
[219] К. Кепески, Скопје 1988
[220] Б. Хусеиновски, Гевгелија 2004
[221] К. Кепески, Скопје 1988
[222] Е. Петрова, Скопје 1983
[223] Z. Dukat-I. Mirnik, Zagreb 1986
[224] В. Соколовска, Скопје 1966
[225] Н. шелдаров, Скопје 2003
[226] Н. шелдаров, Скопје 2003
[227] Б. Хусеиновски, Гевгелија 2004

Типот бр. 25 е застапен со пет монети од прилепско.[229] Седум примероци се евидентирани кај ш елдаров,[230] а во збирката на ФЗФ четири.

Типот бр. 26 е застапен со три монети од "Исар" Марвинци,[231] две монети од непознат локалитет во А. М. во Скопје[232] и две во оставата од "Исар" Марвинци. Кај ш елдаров[233] се евидентирани три примероци. Збирката на ФЗФ поседува еден примерок.

Типот бр. 27 е застапен со еден примерок од "Исар" Марвинци,[234] три во колекцијата ш елдаров.[235] Една монета поседува збирката на ФЗФ.

Типот бр. 29 и 30 е застапен со по два примероци кај ш елдаров.[236] Збирката на ФЗФ поседува две монети од типот бр. 29.

Типот бр. 33 е застапен со три примероци во Колекцијата ш елдаров.[237]

## **Персеј** (179-168 г.)

Првите серии тетрадрахми, ковани веднаШ по доаЃањето на власт, на аверсот носат претстава со портретот на Персеј со кралска дијадема, со кадрава брада, по типот на оние на Филип V. Тој е третиот македонски крал гој го претставува својот самостоен лик на своите монети. На некои примери, под вратот на кралот, е напиШано името ΖΩΙΛΟΥ (Зоилос), за кое се смета дека е потпис на "првиот човек" на ковницата. Ова име, под формата нна монограмот (),

---

[228] Н. ш елдаров, Скопје 2003
[229] К. Кепески, Скопје 1988
[230] Н. ш елдаров, Скопје 2003
[231] Е. Петрова, Скопје 1983
[232] В. Соколовска, Скопје 1966
[233] Н. ш елдаров, Скопје 2003
[234] Е. Петрова, Скопје 1983
[235] Н. ш елдаров, Скопје 2003
[236] Н. ш елдаров, Скопје 2003
[237] Н. ш елдаров, Скопје 2003

е присутно и на сребрените монети на Филип V, Што укажува дека ковницата продолжила да работи и во времето на Персеј.[238]

На реверсот на првите тетрадрахми, ковани во периодот 179-173 г., е претставен орел на молња или рало, во дабов венец. Паралелно со тетрадрахмите се коваат и драхми, кои на реверсот имаат претстава на суровица во дабов венец.

Подоцните тетрадрахми, ковани во периодот 170-168 г., се од истиот период, но со намалена тежина. Оваа реформа најверојатно е направена со цел, Персеј, да обезбеди Што повеЌе монети за водењето на последната војна со Рим.[239]

Дидрахмите од овој период, на реверсот имаат претстава на суровица во дабов венец. Тројца чиновници го контролирале монетоковањето, поделени во три групи. Во првата, тоа бил Зоилос, чие име било напиШано на аверсот, а монограмите на другите двајца биле напиШани на реверсот. На сите монети од другите групи, монограмите на тројцата чиновници се напиШани на реверсот. Емисиите се обележани со по еден симбол, ѕвезда или рало. Оние со ѕвезда биле ковани во Амфипол, додека оние со рало, во Пела.[240]

Бронзените монети се ковани во три типа и две номинали. Најраспространет е типот "Глава на херојот Персеј/орел на молња", со претстава на харпа на рамото на Персеј на некои примероци. Другиот монетен тип е "Коњаник/македонски Штит". Ниту еден примерок од бронзените изданија не носи натпис ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΠΕΡΣΕΩΣ. Името на кралот е пренставено преку монограмот ПЕ, или првите две букви , додека титулата "базилеос" секогаШ е претставена во скратев вид - ВА. Монетни типови:

[238] O. Mørkholm, Early hellenistic coinage: from accession of Alexander to the peace of Apamea (336-186 B.C.), Cambridge 1991
[239] P. R. Franke, Zur Finanzpolitik des makedonischen Königs Perseus während des Krieges mit Rom 171-168 v. Chr. JNG 8, 1957
[240] A. Mamroth, Die Silbermünzen des Königs Perseus, ZfN 28, 1928

## Сребрени монети

- Тетрадрахми

1. Ав. Профил на кралот Персеј со брада и дијадема, кон десно. Рв. ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΠΕΡΣΕΩΣ во два реда, орел држи молња во дабов венец;



- Дидрахми

2. Ав. Профил на кралот Персеј со брада и дијадема, кон десно. Рв. ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΠΕΡΣΕΩΣ, харпа и три монограми, во дабов венец;



3. Ав. Како под бр. 1. Рв. ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΠΕΡΣΕΩΣ, суровица во средина, во дабов венец;



Бронзени монети

4. Ав. Профил на Персеј со крилест Шлем, со харпа на левото рамо. Рв. ВА ПЕ, орел со раШирени крилја, држи молња;



5. Ав. Профил на Персеј со харпа зад левото рамо. Рв. ВА горе, долу монограм. Орел со раШирени крилја, со рало во канџите;



6. Ав. Профил на млад Херакле во лавовска кожа, кон десно. Рв ВА, коњаник поздравува со едната рака кон десно;



7. Ав. Профил на Персеј со крилест Шлем, со харпа пред лицето. Рв. ВА, монограм ΕΡ, орел со раШирени крилја држи молња;



8. Ав. Македонски Штит со розета со 6 краци во средината. Рв. ВА, монограмот на Персеј ЕР, харпа, долу ѕвезда со два монограми;



9. Ав. Како под бр. 8. Рв. ВА ПЕ, во средина харпа.[241]



Монети на Персеј во Р. Македонија.

Типот бр. 1 и 3 се застапени со по еден примерок во колекцијата ш елдаров.[242] Збирката на ФЗФ поседува еден примерок од типот бр. 3.

Три монети од типот бр. 4 се евидентирани кај ш елдаров,[243] една од “Поткули” ВароЩ[244] седум кај Хусеиновски[245] и триесет и три монети поседува збирката на ФЗФ.

Од типот бр. 5 евидентирана е една монета од непознат локалитет од околината на Прилеп.[246] Четири монети се евидентирани кај ш елдаров[247] и две кај Б. Хусеиновски.[248] Збирката на ФЗФ поседува пет монети од овој тип.

Од типот бр. 6 во кол. ш елдаров се евидентирани Шест монети,[249] кај Б. Хусеиновски две.[250] Збирката на ФЗФ поседува четири примероци од овој тип.

---

[241] Н. ш елдаров и В. ЛилчиЌ, Кралевите на античка Македонија и нивните монети во Р. Македонија, Скопје 1994
[242] Н. ш елдаров, Скопје 2003
[243] Н. ш елдаров, Скопје 2003
[244] К. Кепески, Скопје 1988
[245] Б. Хусеиновски, Гевгелија 2004
[246] К. Кепески, Скопје 1988
[247] Н. ш елдаров, Скопје 2003
[248] Б. Хусеиновски, Гевгелија 2004
[249] Н. ш елдаров, Скопје 2003

Од типот бр. 7 кол. шелдаров поседува дваесет примероци,[251] кај Б. Хусеиновски регистрирани се Шест,[252] а збирката на ФЗФ поседува педесет и осум примероци.

Од типот бр. 8 и 9 кол шелдаров поседува девет монети.[253] Збирката на ФЗФ поседува три монети од овие типови.

## **Автономни монети** (187-168 г.)

По примирјето во Апамеја во 188 г. пр. н.е., Филип V го возобновил монетоковањето прекинато по поразот од Рим во Киноскефале (197 г.). Судејќи по ново појавената монетна продукција, јасно е дека биле извршени низа финансиски реформи.[254] За нивна реализација, Филип V решил да го мобилизира целиот економски и финансиски потенцијал на Македонија, за неизбежниот и решителен судир со Рим.

Промените во делот на монетоковањето, воглавно, го вклучуваат следното:

1. Се возобновило кралското монетоковање со името на Филип V, подоцна и на Персеј.

2. Наложено им било на ред градови и области да коваат автономни емисии со свои натпис во сребро и бронза. Најактивни биле градовите Тесалоника, Пела и Амфипол.

3. Во големи количества од сребро и бронза, се појавиле монети со, дотогаш необичниот натпис ΜΑΚΕΔΟΝΩΝ, а понекогаш и со симболите на областите Ботиаја и Амфакситида. Овие, се познати како емисии на македонскиот народ или македонската нација.

---

[250] Б. Хусеиновски, Гевгелија 2004
[251] Н. шелдаров, Скопје 2003
[252] Б. Хусеиновски, Гевгелија 2004
[253] Н. шелдаров, Скопје 2003
[254] O. Mørkholm, Early hellenistic coinage: from accession of Alexander to the peace of Apamea (336-186 B.C.), Cambridge 1991

Овие реформи донеле до нова структура во политичкиот и економскиот развој која се состоела од крал, народ и автономни градови.[255] Оваа структура е претставена и низ трите различни нумизматички нивоа: кралските изданија на Филип V и Персеј, оние со името на македонскиот народ ΜΑΚΕΔΟΝΩΝ, како и градските емисии.

Емисиите на градовите и областите, како и на македонскиот народ, демонстрираат појава на некаков вид на автономија. Меѓутоа, каква и да била формата на автономијата, сепак, градовите биле под директна контрола на кралот. На тоа укажуваат идентичните монограми претставени на бронзените кралски и градски емисии ковани во само една монетарница.[256] Оваа теза е базирана врз основа на истиот или сличен иконографски приказ, претставен на сите изданија: кралски, градски, ΜΑΚΕΔΟΝΩΝ.

Сребрените и бронзените изданија на македонскиот народ започнале да се коваат во 187 г. пр. н.е.. За време на Филип V, во Амфипол, биле исковани големи количества сребрени тетроболи и диоболи по атичкиот стандард, од типот “Македонски Штит со суровица во средина/Македонски Шлем”. Некои типови се со легендата ΜΑΚΕ на аверсот (***тип 1***), додека на други ΜΑΚΕΔΟΝΩΝ на реверсот.



Ботиаја (***тип 1***)

За време на Персеј се исковани други два типа тетроболи: “Македонски Штит/Заден дел он кораб”(***тип 2***) и “Глава на менада/Заден дел од кораб”(***тип 3***). Легендата ΜΑΚΕΔΟΝΩΝ е на реверсот.

[255] M. Price, Coins of the Macedonians, London 1974

[256] Y. Touratsoglou, The Coin Circulation in Ancient Macedonia (ca. 200 B.C. - 268/286 A.D.). The hoard evidence, Athens 1993



Едонија (***тип 2***)



Едонија (***тип 3***)

Главниот тип на бронзените монети со натпис МАКЕΔОNΩN, ковани во Амфипол е “Глава на Посејдон/Суровица во дабов венец” (***тип 4***).



***Тип 4***



***Стримон/Тридент***

Освен “Глава на Посејдон”, на овој тип на аверсот е претставена и “Глава на Аполон”. На други две серии на аверсот е со претстава на “Глава на Херакле со лавовска кожа”, како и “Глава на Атина со Шлем”. На друг тип на бронзени монети, натписот “МАКЕΔОNΩN во дабов венец” на реверсот, е во комбинација со “Македонски Штит со осумкрака ѕвезда” на аверсот.

Најголем интерес претставувале монетите од локален карактер, со претстава на речниот бог Стримон на аверсот во 3/4 профил и профил кон десно. Во првиот случај на реверсот е претставена Артемида како држи долг факел, додека во вториот на реверсот е претставен тридент. Типот “Стримон/Тридент” бил толку популарен, Што подоцна бил масовно имитиран.



***Варварски имитации на бронзениот тип “Стримон/Тридент”***

Сребрените монети ковани од областа Ботиаја, со административен и политички центар во Пела, се од типот "Македонски Штит/Заден дел од кораб". Во средниот дел на Штитот стои четири или петкрака ѕвезда. На реверсот е напиШата легендата BOTTEATΩN (*тип 5*). Номиналните вредности, пентоболи 2.5 оболи се невообичаени за атичкиот стандард.



Ботиаја (*тип 5*)

Некои од бронзените типови на Ботиаја носат натпис ΜΑΚΕΔΟΝΩΝ и монограмот на областа - .

Областа Амфаситида со центар во Тесалоника, единствено кова сребрени тетрадрахми од типот "Македонски Штит/Суровица во дабов венец". Легендата на реверсот го содржи текстот, над ΜΑΚΕΔΟΝΩΝ и под суровицата ΑΜΦΑΞΙΩΝ. Само натписот во ΑΜΦΑΞΙΩΝ, два реда, е напиШан на типот "Глава на Херакле со лавовска кожа/Суровица во дабов венец".

Бронзените типови ја носат легендата ΜΑΚΕΔΟΝΩΝ, но секогаШ во комбинација со монограмот на областа - . Традиционалниот тип Македонски Штит/Македонски Шлем е обележан само со монограмот . За прв пат во средината на македонскиот Штит е претставена легендата ΜΑΚΕ, и тоа преку монограмот . Типовите "Атина/Коза", "Атина/Коњ" и "Аполон/Триножник" се познати од монетоковањата и на други македонски градови и области.[257]

Застапеност на автономни монети во Р. Македонија.

**Едонија:** Сребрен тетробол и диобол од типот "Македонски Штит со натпис MA/KE со суровица/Македонски Шлем" е евидентиран со седум примероци

[257] Д. Драганов, Монетите на македонските царе, Част II, □мбол 2001

во кол. шелдаров.[258] Еден диобол од, истиот тип, потекнува од околината на охридскиот регион.[259] Сребрен тетробол од типот "Менада/Заден дел од кораб," со три примероци е застапен во кол. шелдаров[260] и два примероци кај Б. Хусеиновски.[261]

Еден примерок на бронзена монета од типот "Посејдон/Суровица во дабов венец" е евидентирана во Скопје.[262] Колекцијата шелдаров поседува седум примероци, кај Б. Хусеиновски регистрирани се пет.[263] Збирката на ФЗФ поседува пет монети. Понатаму, кај шелдаров бележиме една монета од типот "Херакле/Коњ" и три примероци од типот "Стримон/Тридент".[264]

**Ботиаја:** Две бронзени монети од типот "Зевс/Молња" од непознат локалитет во А. М. во Скопје.[265] Кај шелдаров два примероци од типот Македонски Штит/Македонски Шлем, девет од типот "Зевс/Молња", еден "Херакле/Коњаник". Збирката на ФЗФ поседува осум примероци од типот "Зевс/Молња" и еден примерок од типот "Херакле/Коњаник".

**Амфакситида:** Еден бронзен примерок од типот "Аполон/Триножник" се наоЃа во А. М. во Скопје,[266] по еден примерок од "Вардарски Рид" и околината на Дојран, два примероци од "Исар Марвинци",[267] два примероци од Црничани откриени 1932 г. и Шест монети од оставата "Венец" Ракле. Кај шелдаров[268] се евидентирани Шест примероци, а кај Хусеиновски два.[269]

---

[258] Н. шелдаров, Скопје 2003
[259] В. Битракова Грозданова, Скопје 1987
[260] Н. шелдаров, Скопје 2003
[261] Б. Хусеиновски, Гевгелија 2004
[262] В. Соколовска, Скопје 1966
[263] Б. Хусеиновски, Гевгелија 2004
[264] Н. шелдаров, Скопје 2003
[265] В. Соколовска, Скопје 1966
[266] В. Соколовска, Скопје 1966
[267] В. Соколовска, Скопје 1986
[268] Н. шелдаров, Скопје 2003
[269] Б. Хусеиновски, Гевгелија 2004

## **Македонија под римска хегемонија** (168-148 г.)

Поразот на македонската војска, нанесен од римјаните кај Пидна (168 г. пр. н.е.), имал сериозни политички последици, не само за Македонија, која ја изгубила независноста, туку и за целиот хеленистички Исток. Кон крајот на 167 г. пр. н.е. во Амфипол, конзулот Лукиј Емилиј Павел свикал конференција на која учествувале и делегати на македонските градови, со цел да го објави реШението на римскиот сенат за поделбата на Македонија на четири области - мериди со републиканско управување.[270] РеШавачкиот збор во нив го имале официјално назначени лица од Рим. Областите не биле присоединети кон римската држава, туку добиле извесна автономија. За да биде ослабена економската моЌ, римјаните вовеле низа рестриктивни мерки: забранета била трговијата меЃу областите, забранети биле браковите меЃу жителите на одделни области, забранета била експлоатацијата на рудите.

Секоја од областите била организирана како одделна административна единица со свој главен град (седиШте). СедиШта станале: Амфипол на Првата област, Тесалоника на Втората, Пела на Третата и Пелагонија на Четвртата област. Од сите, само Третата област не ковала монети со своето име.

ПомеЃу 168-166 г. пр. н.е. извесни се неколку бронзени типови на монети, иконографски како оние од времето на Филип V и Персеј, со легендата МАКЕΔΟΝΩΝ, но со имињата на двајцата римски квестори Гај Публиј и Лукиј Фулкиниј, напиШани на грчки јазик на реверсот. Двајцата ковале еден опШт тип “Глава на Рома со крилест Шлем/Легенда, имињата на квесторите во дабов венец”. Главата на Рома е директно превземена од римскиот републикански денар и ја претставувала римската домијација во регионот. Овие серии биле ковани во Амфипол, додека оние со потпис на Гај Публиј се продолженија на локалните изданија на Амфаскитида и Ботиаја, носејЌи ги монограмите на соодветните области.

Типот “Посејдон/Суровица во дабов венец” е истиот како и претходните изданија, како и типовите “Глава на Атина/Бик”, “Глава на Пан/Две кози”. Типот

---
[270] П. Коледаров, Името Македония в историческата географија, С. 1985

“Дионис/Коза” е копија на примероците на Амфакситида, Што покажува дека римските квестори ги користеле добро организираните ковници и со помоШ на истите власти и мајстори, си исковале свои изданија со името на Рим. Подоцна (166/5 г. ) бил пуШтен типот “Маска на силен/ ΜΑΚΕΔΟΝΩΝ во брШленов венец”, кој на реверсот е напиШана латинската буквата D.[271]

По конституирањето на и организацијата на новите административни единици Првата Македонска област, со седиШте во Амфипол, започнала да кова серија тетрадрахми. На аверсот е претставена глава на Зевс Додонски со дабов венец, а на реверсот Артемида Тавropолос, обратно седната на бик во бегство, држи два долги факели. За првпат се појавува натписот ΜΑΚΕΔΟΝΩΝ ΠΡΩΤΗΣ, како издание на Прва Македонската област.

Во Амфипол за Првата Македонска област било ковано големо количество тетрадрахми. На аверсот, во средина на македонскиот Штит, е претставена биста на Артемида Таврополос со венец, а на ревесот натписот ΜΑΚΕΔΟΝΩΝ ΠΡΩΤΗΣ и традиционалната композиција суровица во дабов венец. Забележани се следните симболи: рало, делфин, ѕвезда, молња и крилеста молња.

Тетрадрахми од истиот тип биле ковани и во Втората Македонска област со седиШте во Тесалоника, со натпис ΜΑΚΕΔΟΝΩΝ ΔΕΥΤΕΡΑΣ.

Четвртата Македонска област, со седиШте во Пелагонија, ковала само два типа бронзени монети. Првиот е “Зевс/Суровица во дабов венец”, а вториот “Атина/Диоскури галопираат”, со натпис ΜΑΚΕΔΟΝΩΝ ΤΕΤΑΡΤΗΣ. Забележливо е дека, главата на Зевс е многу слична со онаа на Посејдон од типот на Гај Публиј. Типот со диоскурите е во целост римски модел. Целото монетоковање на Четвртата Македонска област е реализирано во првите месеци од настанувањето, односно 167 г. пр. н.е.[272]

[271] Д. Драганов, Монетите на македонските царе, Част II, □мбол 2001
[272] P. A. MacKay, Bronze coinage in Macedonia, 168-166 B.C. - ANS MN 14, 1968

**Македонија - римска провинција** (по 148 г. пр. н.е.)

